**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Осумдесет и шестата седница**

**на Собранието на Република Македонија, одржана на**

**30 декември 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија во сала 1 со почеток во 10,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Каролина Ристова, Ганка Самоиловска-Цветанова, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Илија Китановски, Марија Којзеклиска, Али Ахмети, Г'зим Острени, Јусуф Арифи и Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 3 - Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Мавровски, а потоа господинот Голомеев.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Еве пред нас го имаме Предлог-законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, јас би сакал да бидам многу конкретен и директен во однос на одредени членови на Законот. Мислам дека е нормално овој закон да се донесе, доколку сакаме извршување на Буџетот, но за пооделни точки

мислам дека министерот ќе најде за згодно да објасни како на мене така и на македонската јавност.

Мислам дека поодделни членови не кореспондираат со она, јас не сум правник, но она што е правно и врз кое треба да се заснива законот, апсолутно не задоволува.

Еве би почнал со членот 4 - корисниците и единките корисници на средствата од Буџетот од областа на законодавната, извршната и судската власт се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски и рационално и економично. Мислам дека ова се подразбира, ова апсолутно не обврзува ништо, нормално дека средствата кои се во Буџетот треба да се користат, за тоа имаме програми и врз основа на тие програми кои вие ќе ги прифатите како Министерство или Владата, нормално е тие средства да бидат потрошени.

Значи, овој член апсолутно не е потребен.

Понатаму, членот 7. Членот 7 говори за начинот на кој ќе се користат буџетските средства и тоа во став 1 за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници одлучува Собранието на Република Македонија. Ова е во ред. Исто е во ред и ставот 3 каде утврдените износи во Буџетот на корисникот не можат да бидат прераспределени од останатите расходни категории во расходната категорија - плати, наемнини и надоместоци, како и да се прераспределуваат утврдените износи од расходната категорија 48 - капитални расходи во другите расходни категории.

Понатаму имаме став 4 во кој кажувате: по исклучок на ставовите 1 и 3 од овој член Владата на Република Македонија може со одлука, тие одлуки многу често ги гледавме до сега, со одлука за прераспределба на средства да лоцира дополнителни средства во Разделот 090.2 - Министерство за финансии - функции на државата во следните подпрограми.

Значи, преструктуирање на претпријатијата загубари, преструктуирање на ЈП Македонски железници, преструктуирање на водостопанските претпријатија, реформа на државната администрација и подпрограма К4 - реформа на Министерството за одбрана.

Ова би го прифатил, особено последното - реформа на Министерството за одбрана, бидејќи целата јавност и ние како Парламент носиме одлуки со кои се трудиме побрзо Република Македонија да биде во НАТО пактот, но сето друго каде кажувате дека ова може да се распореди на начин со одлука на Влада, апсолутно го

исклучува Собранието и расправите, а мислам дека целото лоцирање на Буџетот е токму за овие средства кои тука ќе бидат распределени. Начинот на кој ќе функционирате тоа е со одлука на Владата.

Понатаму членот 8, во период од шест месеци по донесувањето на Буџетот, буџетските корисници се обврзани да реализираат најмалку 30% од планираните капитални расходи во нивните буџети. Ако не, овие средства се префрлаат во резерви на капиталните расходи. Ова на прв поглед е во ред. Но апсолутно тука не се кажува освен дека ќе бидат земени средствата од едно министерство кое нема да ги заврши своите работи и средствата ќе бидат упатени во ставката 480 - резерви на капитални расходи. Што ќе се случи со тоа министерство, со министерот, дали тој ќе има одговорност за она што не го реализирал како средства кои треба да ги потроши, средствата од 30%, апсолутно одговорноста не ја гледам освен, да не даде господ и некој договор каде ќе може тие средтва  нарочно да не се искористат, да бидат префрлени во овие капитални расходи.

Затоа мислам дека одговорноста, ако веќе зборуваме за транспарентност и работи кои треба да функционираат, треба да ја гледаме и во тоа што вие побарувате некои квартални известувања и врз основа на нив ќе треба да имаме реализација. Ако не, и овој пат говорев дека сите министри посебно ќе треба да го бранат буџетот на своите министерства и тогаш ќе можеме да бараме одговорност и од нив, а не само од вас.

Членот 9 мислам дека е добар и дека прави контрола врз сите нови вработувања, за моментната вработеност и тие податоци ќе бидат доволни и за Министерството за финансии и за онаа динамика, ако ја има понатаму, за луѓе кои ќе се вработуваат, затоа што се надевам ова нема да биде злоупотребено и ќе функционира добро. Значи, членот 9 е токму тоа што треба.

Понатаму  членот 13, надоместок за превоз до и од работното место по претходно дадена писмена изјава се исплатува за вработените и избраните и именувани функционери чие место на живеење е оддалечено над 2,5 километра од работното место, но не повеќе од 900,00 денари месечно. Сега, за жал, во многу од овие буџетски претпријатија се случува вработените да бидат испраќани со повеќе од 100 километри, некаде 150 километри на работа во други места и за овие се исплаќа истиот надоместок.

Дали со ова ќе се обидеме и ќе најдеме начин да ги заштитиме тие вработени каде скоро половина плата ќе треба да ја потрошат на вакви средства за патувања,

тука пред се мислам на Македонија пат, Царинарниците, кои дали намерно или ненамерно, но во секој случај се испраќаат на места кои се многу подалеку од местото на живеење, причината сигурно ја знае некој друг. Се надевам дека ако трошоците за патувањата се зголемат дека таквите манипулации и малверзации апсолутно нема да ги има, мислам дека ќе биде се регуларно.

Членот 18, бидејќи се работи за буџетски корисници каде говорите во случај на смрт на работникот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 2 последни исплатени просечни месечни плати во органот каде бил вработен работникот, но не повеќе од 30.000 денари. Јас мислам дека тука, можеби таа разлика е доста голема, би било подобро Министерството да дефинира еден фиксен износ кој ќе го користат сите буџетски корисници затоа што начинот тие средства да бидат од 15 до 30 иљјади денари, се работи за смрт, не му посакувам на никој, но и во тие случаи мислам дека семејството би требало, барем во тој момент, да ги има истите средства со кои ќе бидат обештетени.

Мојот предлог е да можеме да направиме, дали тоа ќе бидат 20 или 25 иљјади, но да биде фиксно за сите буџетски корисници.

Членот 23 од извршување на одделни расходи утврдени во Централниот буџет, јас мислам дека за ставот 2 - користење на средствата од ставот 1 на овој член ставка 413 - тековни резерви, разновидни расходи на предлог на министерот за финансии одлучува Владата на Република Македонија. Ставот 3 - по исклучок од став 2 на овој член одлучува министерот за финансии, но најмногу до износ од 150.000 денари. Бидејќи во претходното се работи за финансирање на мерки за сузбивање на епидемии, заразни болести, елементрани непогоди или други разновидни расходи, мислам дека оваа сума од 150.000 денари е премала за еден министер да може да интервенира во ваква ситуација. Неговата одговорност сигурно не се гледа во средствата кои ќе ги додели, туку како ќе ги додели, затоа што 150.000 денари мислам дека се малку и за еден директор на една фирма, а не за министер за финансии кој треба да одлучува во вакви ситуации каде некогаш апсолутно итноста е неопходна. Во овој случај мислам дека таа сума е премногу мала.

Во членот 24, нешто што, еве уште еднаш ќе кажете не ми е јасно, но овој пат навистина не ми е јасно, средствата утврдени во раздел 09002 - Министерство за финансии - функции на државата, Подпрограма 20 - функции ставка 463 - трансфери до невладини организации ќе се користат врз основа на одлука на Владата на

Република Македонија. Јас мислев дека овие невладини организации треба да имаат некоја програма која програма ќе биде утврдена уште на самиот старт, а не врз основа на одлука на Владата на Република Македонија. Значи, говориме за невладини организации кои ќе ги финансира со одлука директно Владата. Апсолутно тука доаѓаме до една дисхармонија и доаѓаме во ситуација, каква што беше последната, дај боже да има повеќе такви прослави како што беше прославата на признавањето на името Република Македонија од САД, но и денес сеуште не се знае кој ги покри трошоците. Дали се тоа буџетски средства, бидејќи организираа невладини организации, но тие само организираа. Да донесете 30.000 луѓе на плоштад притоа од цела Република Македонија, трошоците за автобусите сите добро знаете, бидејќи сте учествувале во доста кампањи, колку се тие средства, апсолутно никој не се појави да каже од каде, колку пари и зошто се потрошени.

На овој начин со одлука на Влада овие невледини организации всушност стануваат продолжена владина рака, тоа го видовме и за претседателските избори кога се вклучија 80-90% од овие невладини организации и за Референдумот кога апсолутно никој не се појави, барем со една идеја како понатаму треба да се одвиваат работите. Мислам дека двете беа различни работи, едната политичка другата одлука за народот, но во секој случај тие невладини организации жалосно е со одлуки на Владата да се злоупотребат или да се користат токму во вакви ситуации.

Понатаму, во членот 33, членот 33 за мене многу спорен, средствата утврден во разделот 16101 - Агенција за млади и спорт, подпрограма 20-спорт ставка 463 - трансфери до невладини организации, подпрограма 30 - млади, ставка 463, трансфери до невладини организации и подпрограма 40 меѓународни активности за спорт и млади ставка 463 - трансфери до невладини организации се користат по претходно донесена програма за спорт и млади од Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за млади и спорт.

Господине министре вчера имаше неколку амандмани во кои се бараше средства за спортот затоа што спортот е донесен не на преживување, веќе имаме пациент на кој навистина му треба итна помош која ако може да го поврати од ова предсмртно бунило и овие средства што се одвоени во Буџетот за сите активности што ги кажувате за спорт 52 милиони, за млади 20 или 30 милиони, вкупните средства се некаде 105 милиони. Мислам дека овие средства не се апсолутно доволно за Република Македонија да се почне нешто да се работи на база на спорт,

посебно на младите и сите овие акции  кои Владата упорно се обидува во однос на пороците и спасување на нашата младина во однос на она што треба да го работи понатаму. Верувајте ми спортистите со овие услови што сега ги има, со затвотените и ладни сали, со базените во кои нема вода, апсолутно се што се случува во Република Македонија ова што пред мене го гледам уште програма за развој на спорт и млади, таква програма апсолутно со овие средства што вие ги доделивте во буџетот, не може да има.

Апсолутно не е предвидливо и не е можно со тие 50 милиони или 30 милиони меѓународен развој на спортот. Ако знаеме дека една репрезентација има 30 луѓе кои во еден квалификационен циклус треба 4-5 натпревари да одиграат надвор, тие средства само за авионски карти нема да се покријат, а не за развој на спортот и меѓународен равој за светски првенства, за европски првенства и за подготовки за наредната олимпијада.

Мислам дека тука ваше тежнеење и на премиерот апсолутно ќе треба да биде да се изнајде начин, за кој ќе говорам за некој од наредните закони каде одредени стопанственици или оние луѓе кои имаат пари треба да најдеме начин да ги ослободиме, доколку тие средства ги алоцираат во спортот и во културата.

Единствениот начин за развој на оваа гранка е токму тоа. Се друго дека ќе има развој со овие средства, апсолутно не држи. Мислам дека начинот на кој се тргнало нема да биде позитивен.

Ова се мои забелешки директни на она што значеше предлог на донесување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, јас ви велам од мој аспект, сигурно министерот од негов, но во секој случај моите забелешки јас јавно ги изнесувам, така што очекувам одговор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Голомеов, а потоа господинот Аднан Јашари.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Благодарам господине претседателе, господине министре, колеги пратеници,

Би сакал да кажам неколку збора околу Законот за извршување на буџетот за 2005 година кој, покрај стандардните процедури кои се во функција на извршување на централниот буџет и извршување на одделните раздели од централниот буџет во функција на рационално, економично и ефикасно трошење на средствата врз

начелото на законитост и одговорност содржи неколку одредби кои се новина и кои навистина заслужуваат внимание.

Во членот 6, за прв пат се регулира начинот на користење на буџетските средства од страна на буџетските корисници во правец на тоа дека 25 дена по донесувањето на буџетот сите се должни да достават програми за квартално строго испланирани програми за квартално користење на средствата. Можеби оваа година тоа ќе предизвика мали потешкотии кај буџетските корисници, бидејќи мораме да признаеме дека планирањето не ни е силна страна во целата работа, меѓутоа, сметам дека ваквиот начин на извршување на буџетот со квартално планирање на буџетските расходи е во функција на рационално, ефикасно и економично трошење на средствата, а секако ако во текот на годината дојде до некои непредвидени ситуации со добро образложение може да дојде и до промена на планот за користење на тие средства.

Во членот 8 каде се регулираат капиталните инвестиции односно начинот на трошење на капитални инвестиции каде строго се пропишува дека во рок од првите шест месеци треба да се искористат најмалку 30% од капиталите инвестиции, мислам дека овој член ќе биде во функција на тоа конечно по две години овие инвестиции кои се предвидени во Буџетот и кои не се мала ставка, изнесуваат некаде преку 11 милијарди денари средства кои за и онака сиромашната македонска економија можат да бидат добра инекција, добар стимул и мислам дека ефикасно ќе бидат искористени.

Во спротивно, би требало секое министерство или секој министер да сноси одговорност. Она што г-динот Мавровски сакаше да го потенцира дека нема одговорност во овој член, во случај на нереализација на овие капитални инвестиции, јас сметам дека тоа сепак е дискреционо право на мандаторот и мислам дека Владата треба да биде најмногу заинтересирана да дојде до ефикасно искористување на овие средства, бидејки ќе бидат во насока на подобрување на економската клима во Република Македонија.

Што се однесува до забелешката дека за потранспарентно и поодговорно реализирање на Буџетот, добро е сите министри да ги бранат своите буџети на поделните министерства, сметам дека сите ние како пратеници и членови на поделни комисии, сите членови во комисии кои се матични на поделните министерства и она на што треба да инсистираме и она што треба да го бараме, а тоа веќе преку Комисијата за одбрана и безбедност ние го правиме, е тоа како

комисии да бидеме вклучени во целиот процес на донесувањето на Буџетот, а не само во последните денови пред неговото финално донесување. Така, Буџетот се наоѓа во Собранието некаде 15 до 20 дена, а тоа е сосема многу мал период да може една ваква сложена материја квалитетно да се обработи и ова Собрание сосема одговорно и во функција на своите надлежности квалитетно да го донесе и се  произнесе по Буџетот. Иако, оваа година за прв пат имавме едно дебело образложение со многу аргументи и факти, меѓутоа, сметам дека комисиите треба да бидат вклучени од самиот почеток, пред се кога се поднесуваат и буџетските апликации некаде во март, април, па се финалното донесување на Буџетот, на тој начин како комисии не само што ќе бидеме инволвирани во целокупното донесување на средствата, на кој начин ќе се планираат, за што треба да се трошат, туку ќе бидеме во функција и на согледување на сите проекти и програми кои треба да се реализираат преку тие министерста и едноставно на многу ефикасен начин ќе ја подигнеме својата контрола, со улогата на контролен м еханизам на трошењето на средствата од џебовите на граѓаните односно на работата, на целокупната работа на пооделните минситерства.

Во членот 22 се регулира можноста за нови вработувања односно за пополнување на испразнетите места на буџетските корисници, и јавните претпријатија и тоа врз основа, пред се на систематизацијата и врз основа на тоа дали се обезбедени буџетски средства за тие вработувања. Ако добро се планираат, се поднесуваат добри планови за користење на буџетските средства, сите тие работни места ќе можат ефикасно да се пополнуваат. Со тоа едноставно ќе се надмине ситуацијата, да имаме едноставно ембарго за нови вработувања, меѓутоа, во такви услови, мораме да признаеме, дека кај многу буџетски корисници се создадоа услови или предуслови да не можат едноставно ефикасно да функционираат, бидјеки само се ослобуодуваа работни места, а никако односно многу тешко истите се пополнуваа.

Во членот 13 на Предлогот на законот за извршување на Буџетот за прв пат се регулира еден проблем кој го имаа повеќе вработени и кои поради потребите на службата беа пратени на извршување на работни задачи надвор од местото каде што е стационирани органот, на поголеми далечини. Овие вработени едноставно немаше законски основ по основ на кој што ќе се надоместуваа реалните трошоци, кои најчесто не се мали и изнесуваа поголем процент од нивните лични примања. Имајки предвид дека во Законот за извршување на буџетот најголема ставка е 900

денари и за по основ на патни трошоци, сега за прв пат се регулира дека на сите тие вработени им следува надомест во износ на реалните трошоци за нивните патувања. Мислам дека тоа е добро за сите оние граѓани кои се наоѓаат во една таква ситуација да добиваат соодветна сатисфакција односно надомест за трошоците кои ги прават при извршувањето на своите работни задачи, да не паѓаат само на товар на нивните и онака, би рекол скромни лични примања.

На крајот, би сакал да укажам, можеби за мене мала нелогичност, бидејки во образложението за извршување на Буџетот на крајот во точка 5 се вели дека со оглед на тоа што прераспределбата на средствата помеѓу ставките на рамките на Буџетот на еден буџетски корисник често се применува во практика, а доведува само до усложнување на работата, во Предлог законот се нуди решение истата да се врши без одобрение од Министерството за финансии. Меѓутоа, во членот 7 став 2 стои - во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и подпрограми по претходна согласност од Министерството за финансии. Мислам дека ова е малку контрадикторно. Инаку, сосема се сложувам дека тоа треба да биде без одобрение на Министерството за финансии, бидејќи во членот 7 јасно стои дека тие средства не можат да се алоцираат за лични примања, за некои додатоци, ниту пак дека средствата кои се однесуваат и кои се наменети за капитални инвестиции можат да бидат алоцирани.

Благодарам г-дине Претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Јашари, а потоа е г-динот Андов.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам г-дине претседател,

Така како што беше кажано од страна на претходните говорници, Предлог законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година е неопходност од причина што во усвојувањето на ваков закон притоа не обврзуваат и законските одредби, значи Предлог законот за Буџет, каде што се предвидува можноста Буџетот да се реализира преку посебен законски акт или посебен закон, како што е Предлогот кој што ни се нуди за реализација и извршување на Буџетот за 2005 година. Во оваа насока мислам дека не треба да има никакви дилеми. Сепак, јас ќе се задржам само на една одредба која што се предвидува во овој закон и која

што е во однос на прашањето на надоместокот на вработените и нивниот превоз. Предвидено е во членот 13 од понудениот предлог, колку за информирање ќе ви кажам дека минатата година за овој закон се расправало во речиси еден ден токму за овој член. Предложениот амандман од страна на парламентарната група на ДУИ не помина за еден глас. Всушност, за што се говори? Се говори за надоместокот за превоз, надоместок кој им припаѓа на вработентие кои живеат дваипол километри подалеку од работното место и максималната висина која што е понудена е 900 денари. Сепак, да ви кажам право лично анализирајки ја оваа одредба и со Уставот на Република Македонија, дојдов до констатација дека оваа одредба, според мене, е во директна спротивност со Уставот и со членот 9, алинеја 2 од Уставот, каде се говори за равноправност на сите граѓани пред Уставот и Законот, посебно со членот 32, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, каде се говори за условите кои што се нудат на сите лица кои се заинтересирани за засновање на работен однос. Токму ова ме обврза да земам збор. Според мене, мислам дека во иднина оваа одредба треба да се измени и надоместокот за превоз на вработените да им се дозволи во висина на реалните трошоци. Додека сум тука ќе нагласам уште еден факт дека вака како што предлагам јас пред 3 или 4 години, ако не грешам, ова прашање е регулирано поинаку и на вработените им се прифатени трошоците на ниво на тоа што било реално.

Од друга страна  сум слушнал дека во некои институции, установи прашањето на надоместокот за превоз на некои вработени им е регулирано со подзаконски акти. Во оваа насока со подзаконски акти им се дозволува на тие вработени да им се исплатат трошоци на ниво на реални трошоци, надвор од тоа што е предвидено со овој закон.  Говорам за буџетски установи. Моја проценка е дека сепак со подзаконски акт ова прашање не може да се регулира од причина на една институција, а тоа е правната хиерархија. Во оваа насока ова прашање би имало можност да се регулира со подзаконски акти доколку се предвидуваше можност со оваа одредба членот 13 на понудениот предлог да се предвиди една ваква можност.

Да не должам многу, моја проценка е во иднина ова прашање да има простор или можност, сепак, кога се говори за надоместок за превоз да се регулира на ниво на тоа што се нарекува реален трошок, иако лично сум свесен дека секој од нас би сакал ова прашање да се регулира на овој начин. Сепак, фискалната политика е фискална политика и тука нема никаква дилема. Ќе повторам дека е добро во иднина предлагачот да изнајде или да направи се што е можно од негова страна ова

прашање да го регулира на ниво на тоа што го нарекуваме надоместок за реални трошоци.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Јашари.

Повелете г-дине Андов, па потоа нека се подготви пратеникот Коце Трајановски.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, господине министре, почитувани колеги,

Ние сега го разгледуваме овој закон за извршување на Буџетот, а Буџетот го донесовме. Овој закон е еден шаблон. Најголем дел се шаблонизирани работите и прецизирани се методите и околностите и обврските на остварување на правата и обврските на буџетските корисници, овластувањата на министерот во тој контекст и овластувањата на Владата. Мислам дека во основа законот се држи до досега практикуваната шема и во тој поглед ние сосема мирно можеме. Таму каде што изгледа дека нешто малку повеќе права се дава на Владата, бидејки таа тековно може да врши дејствија, кои инаку припаѓаат на Собранието низ ребаланс, само во помал обем, префрлување од една во друга програма и т.н., е врзана колку што јас гледам, тоа овластување е врзано за остварувањето на реформите во државните органи, во судството, во одбраната, во администрацијата и т.н. Мислам дека тоа овалстување на Владата е нормално, бидејки таа има дневен увид во текот на реформите и недостатоците, даречеме кои се покажуваат и би требало да има такви овластувања, а со евентуалниот ребаланс тоа и ќе ги озакони. Особено, заради тоа што во некои области средствата кои доаѓаат за овие програми од странство, можат по насоките како се користат тие средства и целите за кои се користат тие средства, посебно од КАРДС програмата, можат да не се подудараат со плановите и програмите што се утврдени во Буџетот и што Владата треба да ги оствари. Тоа треба да се надокнади, некако да се порамни, да се исправи и бидејки дејството, тие средства се даваат преку Агенцијата за обнова и развој на Европската унија и таму Владата нема некои команди, нормално, тогаш треба Владата да биде по слободна со средствата за реформите од овде кои потекнуваат, буџетските средства на граѓаните. И не гледам тука некоја пречка за таа работа.

Идеите кои минатата година ги дискутиравме, сега колегата од ДУИ што ги зборуваше, се реални само јас тоа го сместувам во шемата што ја направиле овие

органи што го изработиле законот технички и тие сакаат некоја рамнотежа во користењето на средствата, за да не се дојде до некое пореметување, меѓутоа, треба да се погрижат и да видат со ребалансот дали не може да се усвои тој предлог кој овде беше даден.

Што се однесува до овие идеи како комисиите повеќе да учествуваат во креирањето на Буџетот, тоа нема многу непосредна врска за креирањето на Буџетот со овој закон. Овој закон е за извршување на Буџетот. Законот за Буџет е некој друг. Меѓутоа, има основа да се кажат во Собранието ако не се непосредно врзани за овој закон. Мислам правилно е тоа барање, но да се каже нешто друго во врска со овој закон, а во корист на такво барање. Овој закон нема одредби кои овозможуваат ефикасна парламентарна контрола на извршувањето на Буџетот. Не функција на Парламентот воизвршувањето на Буџетот, тоа припаѓа на извршната власт, но парламентарна контрола на извршување на Буџетот е овластување на Парламентот во секоја демократска земја од причина што тоа е најсигурната и најтемелната област на парламентарната политичка контрола на извршната власт. Тоа е функцијата на Парламентот да ја контролира извршната власт. А, како ќе ја контролира ако не може да ја контролира во извршувањето на Буџетот. Во тој поглед не мора се да оди, да речеме тромесечно на Собранието, па да се расправа како за ребаланс и т.н. Меѓутоа, комисиите, како што г-динот Голомеов спомна, надлежни за поедини области, се надлежни и за остварување на политиката во областа на некои програми, што се во Буџетот составен дел. Можат од време на време и треба да бидат информирани и да расправаат за тоа како тече остварувањето на Буџетот, особено Комисијата за финансирање и буџет треба редовно да може на секое тромесечие да расправа за остварувањето на Буџетот. Ако неколку комисии или оваа клучна Комисија, а и неколку други независно од оваа заклучат дека има потреба и Собранието да расправа за остварувањето на Буџетот, тогаш треба да упатат предлог до Собранието да расправа за остварување на Буџетот. Меѓутоа, засега законска основа за таква ефикасна контрола на извршувањето на Буџетот од страна на Парламентот ние немаме. Тоа само зборува дека Парламентот е фактички оневозможен да врши и политичка контрола врз работата на извршната власт по едно клучно прашање. Тоа само значи дека ние нашиот парламентарен систем не сме го довеле по ова прашање во позиција,каква што е во развиените европски земји кон кои сакаме да се придружиме и кои сакаме фактички да кажеме дека сме исто така демократска парламентарна држава. Морам да ви кажам критериумите

што се од Копенхаген од 1993 година, тоа за секое приближување кон Европа го предвидуваат. Јас не најдов можност за таква контрола во овој закон, за извршување на Буџетот и тоа е системска слабост на овој закон.

Можеби понатаму ќе се одлучи Министерството да и предложи на Владата такви одредби и Владата сама да се најде повикана заради сопствениот легитимитет во извршувањето на буџетот, дека е контролирана од Парламентот во тој поглед и дека е остварена ефикасна политичка контрола во таа област и сама да биде заинтересирана заради својот демократски кредибилитет и транспарентност, ние овде зборуваме за транспарентност, он дејствијата завршуваат меѓу корисниците, министерот и Владата. Според тоа, тоа е една општа сугестија што е потребна за нашиот систем на буџетско функционирање воопшто во државата, понатаму да се оствари и да се средат нештата како што сме ги поставиле во Уставот и како функционираат во светот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Андов.

Збор има пратеникот Трајановски Коце.

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе.

Би сакал да се вклучам во дискусијата околу Предлогот за донесување на закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година. Впрочем, нешто говорев и на Комисијата за одбрана и безбедност, па би сакал и тука да ги искажам моите дилеми, моите размислувања во врска со овој закон.

Ќе почнам од членот 7. Вели: “Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши распределба помеѓу расходните ставки, т.е. програми и потпрограми по претходна согласност на Министерството за финансии”. Мислам дека ова е добро. Тоа е една од добрите страни на овој закон. Впрочем, тоа е дадено и во точката 4 од образложението на Буџетот. Да не испадне дека само критикуваме, Меѓутоа би сакал ова да го кажам како добро. Со тоа што изменувањето во образложението вели дека  изменувањето може да се дозволи само со изменување и дополнување на буџетот. Значи на еден потранспарентен начин, на еден начин што навистина ќе овозможи да меѓу буџетските корисници не бидат префрлени средствата без изменување и дополнување на буџетот.

Она што не е добро и она што јас сакав да го кажам, тоа е во членот 22, мислам дека така беше, имено, се вели дека корисниците и единките корисници на средствата од буџетот на Република Македонија и од буџетите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување, Фондот за магистрални и регионални пратишта, Агенција за вработување, јавни претпријатија основани од Владата на Република Македонија , како и трговски друштва основани од Република Македонија, ќе потенцирам можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот.

Имено, знаеме дека вработувањето на буџетските корисници, и овие се буџетски корисници само издвоени како специфични, значи новите вработувања на буџетските корисници општо, беше само со претходна согласност на Министерството за финансии. Сега, овие буџетски корисници се издвојуваат. Кај нив може, според мене, тоа предлагачот може да го објасни дали е така, според мене можат да вработуваат без согласност на Министерството за финансии. Во Агенцијата за вработување може да се доставуваат и Агенцијата за вработување нема да им бара согласност од Министерството за финансии.

Сега, се прашувам, ова е сигурно еден вентил што претпоставувам дека е плод на пазарот помеѓу ДУИ и владеачките партии, значи коалиционите партнери. Знаеме дека уште при составување на Владата тие бараа да има слободно вработување на буџетските корисници. Ако е тоа така, мислам дека е многу опасен вентил и може да настане неконтролирано вработување. Иако тука се вели “ доколку имаат обезбедено финансиски средства во буџет”. Сметам дека тоа не може да се контролира. Единствената и ефикасна контрола, барем за сега, беше преку Агенцијата за вработување, преку согласноста на Министерството за финансии. Со оглед на тоа што безработицата или невработеноста во Република Македонија е на едно високо екстремно ниво, веќе 37% е невработеноста, бројката оди накај 400 илјади, сигурно притисокот ќе биде голем и сигурно овој вентил ќе попушти и ќе се овозможи или ќе се даде можност за некотролирано вработување, особено поради објаснувањето за правичната застапеност на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Тоа значи дека и при нивното вработување, што јас не сум против тоа да биде на потранспарентен начин и навистина контролиран од Министерството за финансии, бидејќи тогаш Министерството за финансии може да

ја издаде таа согласност, што не е проблем. Но, во секој случај, најмалку, ќе има увид во таа состојба.

Тука би сакал да слушнам коментар од Министерството дали е тоа така, моето размислување или пак не е, бидејќи навистина членот 22 ќе биде опасен.

Би сакал да го прокоментирам и членот 13. Го коментираше и еден од претходните дискутанти.Се работи за членот 13 став 1 - надомест за превоз до и од работно место над 2,5 км. Се даваат 900 денари месечно. Мислам дека минатата година оваа вредност се намали на 900 денари. Зборувам за Скопје, со оглед на тоа што е поголема територијата и е повеќе од 2,5 км. од местото на живеење на многу вработени кои работат. Не знам дали оваа вредност е еднаква и на месечната аутобуска карта, мислам дека е помалку. Доколку е тоа така, доколку не се изменети условите од Јавното претпријатие, би требало тоа да се корегира. Најелементарниот, најефтиниот превоз, тоа е градскиот превоз, треба да биде, односно овие средства да не бидат помалку од тие. Мислам дека беа повеќе до 2002 година, а сега се намалија на 900 денари.

Втора моја забелешка или дилема во членот 13 е во ставот 2. Се вели: “На вработените кои од органот во кој се вработени времено, времено се распоредени за извршување на работи и задачи надвор од работното место на редовното вршење на работите и задачите им припаѓа надоместок до и од работното место во висина на вистинските трошоци за јавен превоз”. Практично, ова е членот за јавен превоз.

Меѓутоа, што е она што сакам да го продискутирам за овој став 2? Имено, од 2002 година па наваму, значи 2003 и 2004 година има поголем број на вработени, особено од МВР и Министерството за урбанизам, можеби има во другите, јас немам конкретни сознанија, меѓутоа можеби има, каде што поради различни реваншизми или партиски нетрпеливости, во еден случај, можеби и од друга причина, се распоредуваат луѓе надвор од местото на живеење, божем времено, меѓутоа тоа трае и по година дена и повеќе, на повеќе од 20 - 30 - 50 км. од местото на живеење. Така што луѓре кои живеат во Скопје а се вработени во МВР работат во Радовиш, работат во Гостивар, во Тетово. Исто и од Министерството за урбанизам. При тоа, на овие луѓе, на овие вработени не им се исплаќаат трошоци за нивниот престој таму каде што работат. Тие не можат евидентно да патуваат секој ден по 80-90, можеби и 100 км. Затоа, на тие луѓе треба да им се плати и престојот таму. Меѓутоа, тоа не е никаде ставено. Би требало да е ставено можеби во членот 15, меѓутоа

таму е само за службените патувања. А, овие не се веќе службени патувања, туку, со оглед на тоа што траат повеќе месеци, сигурно би требало да им бидат надополнети трошоците за сметстување и престој за тоа работно место што им е надвор од местото на живеење.

Би сакал да ја искажам мојата дилема околу членот 35, членот 36 и членот 37. Тоа се средства утврдени на Агенцијата за иселеништво, Агенцијата за информации, Бирото за стопански недоволно развиени подрачја. Имаме информации дека овие буџетски корисници ќе бидат во текот на оваа 2004 година, во 2005 година, значи во следната година ќе бидат укинати, трансформирани или припоени кон некое министерство. Тука би сакал да слушнам размислување од министерот за финансии што би значело тоа за овие буџетски корисници. Тука недостасува објаснување.

Јас би имал толку, благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски.

Збор има г-ѓа Ивановска Лилјана.

Повелете г-ѓо Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодарам потпретседателе.

Г-дине министре, почитувани колеги,

За Предлогот на закон за реализација на буџетот ќе се осврнам во делот на реализација на капиталните расходи кои во минатиот период, како што видовме од експозеата на трите премиери, во минатото, се покажа ниска реализација на капиталните расходи. Така што сметам дека решението во членот 8, со минимум реализација на 30% од капиталните расходи, доста ќе се подобри реализацијата на капиталните расходи.

Доколку овој период од првата половина на годината се искористи за планирање на реализација на другите капитални расходи во другата половина од годината, сметам дека реализацијата на буџетот ќе биде на едно позадоволително ниво, сметајќи дека зимскиот период претставува еден добар начин за подготовка на техничката, инвестициона документација за капиталните инвестиции во државата што во овој буџет се доста мали и се искажа во минатата расправа околу делот на развојната компонента на буџетот. Меѓутоа, тоа е реалната состојба со големината на буџетот.

Се согласувам со моите колеги, апсолутно, кои претходно говореа, а особено колегата Голомеов истакна , парламентарната контрола во извршувањето на буџетот, особено на матичните комисии што треба да го контролираат извршувањето на капиталните расходи на ресорните министерства и со матичните комисии во Собранието и не смеат да се повторат ситуации како што се случи на Комисијата за транспорт и врски каде што при дискусија за буџетот за оваа година не присуствуваше претставник на Министерството за транспорт и врски, додека претставниците на министерствата за финансии и за животна средина беа присутни. Така што, ние како пратеници немавме можност да ги видиме планирањата во делот на капиталните инвестиции и програмите особено на Фондот за магистрални и регионални патишта што ние, како пратеници, баравме да го имаме пред донесувањето на буџетот. И во амандманската расправа најголем број на амандмани беа за патната инфраструктура и информацијата како и каде тие средства ќе се трошат. Сметам дека оваа пракса во Собранието треба да се воведе и да се постигне парламентарна контрола над извршната власт.

Она што посебно претставува проблем при реализација на капиталните инвестиции, претставува проблемот на менаџирање на инвестициите, затоа што ова е високостручна работа, особено од технички и финансиски аспект и е поделена по сите министерства. Сметам дека ефикасноста на реализација на капиталните расходи ќе биде поголема, доколку биде подобро координирано или централизирано на едно место.

Овде ќе ја промовирам идејата што ЛДП подолго време зборува за тој проблем, а тоа е министерство за јавни инвестиции, или пак некој државен орган кој што лично сметам ќе ја зголеми ефикасноста на реализацијата и ќе претставува подготовка за реализација за користење на претпристапните фонодови што ги очекуваме во 2005 година со стекнувањето на статусот земја кандидат, иако тоа е тема на која што овде не би сакала да дискутирам. Меѓутоа, е подговотвка за користење на тие претпристапни фондови.

Зошто оваа идеја ја сметам одржлива? Најнапред, во сите министерства постојат технички служби за подготовка на инвестиционата документација, што никогаш не можат да ги задоволат потребите на Министерството, што се расфрлани по сите министерства и во јавните претпријатија, а имаат долгогодишно искуство во водењето на инвестиции, меѓутоа капацитето е премал  за да се водат инвестициите

на успешен начин. Тоа се покажа со ниската реализација на капиталните расходи во изминатиот период.

На пример во ЈП за стамбен и деловен простор има голем кадар на инженери, финански стручњаци кои успешно можат да го менаџираат тој процес на реализација на јавните капитални инвестиции или пак од областа на водостопанството, исто така долгогодишни стручњаци кои можат да го менаџираат делот на инвестиционо одржување на браните во Република Македонија. Во имплементација на Законот за водни заедници видовме дека јавните претпријатие што сега се во ликвидација имаат сериозен проблем во делот на реализирање на одржување на браните, особено во инјектирањето и обезбедувањето на браните и одржување на одводните канали, што при последните поплави видовме сериозен проблем што Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство треба посериозно да се занимава во делот на одржувањето и сметам дека целиот тој кадар може успешно да ги води и менаџира, концентрирано на едно место и со тоа да се зголеми ефикасноста во реализацијата на инвестициите.

Исто така, еден проблем што го тангира реализирањето на капиталните расходи, претставува и Законот за јавни набавки. Проблемот што го искажа колегата Голомеев се лошите навики на временото планирање во министерствата Така што Законот за јавни набавки е добар како контрола, меѓутоа има реални потешкотии со кои што се судрува јавната администрација, така што треба да се размислува околу отстранување на пречките при реализација, меѓутоа не од причини да се овозможи коруптивно оденсување при јавните набавки.

Исто и Законот за изградба на објекти, што го чекаме многу долго, што е многу важен при реализација на капиталните инвестиции и сметам дека референците на изведувачите на јавните инвестиции се една од најбитните работи. Во минатата Влада видовме реализација на капитални инвестиции од милиони евра што ги изведува човек - фирма или чанта - претпријатие, кои што не ги завршија објектите. Еден од таквите примери е кракот на болницата во Струмица, каде што 2 милиони евра изведува фирма со двајца вработени, наспроти градежни претпријатија кои се акционерски друштво, што имаат долгогодишно искуство, кадар и капитал. Меѓутоа, тоа е прашање и до сега таа капитална инвестиција, од продажбата на Телеком не е извршена ниту ревизија, ниту технички прием, од причини, според мое сознание, се исплатени средствата а не се реализирани обврските и постои простор за кривична одговорност.

Од сите овие причини реализацијата на капиталните расходи, ќе повторам, решението во членот 8 претставува добра рамка за реализација на најмалку 50% до крајот на годината, доколку во првата половина би очекувале и би биле задоволни со повеќе проценти од 50 реализација на капиталните расходи и особено во искористувањето на средствата од КАРТС ПРОГРАМАТА, за која што зборуваше и г-динот Андов во делот на подготовка и решението на Владата за координирање на реализацијата .

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Ивановска.

Има збор г-динот Мавровски Спиро.

Имате реплика?

Повелете, имате три минути реплика г-дине  Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине потпретседателе.

Мене ме радува ваквото размислување, но колешката пратеник заборава некои работи кои сигурно за кратко време повторно ќе се проговорат. Пред два месеци тука имавме од г-динот министер Ребаланс на буџетот во кој што се кажа дека токму поради јавните набавки кои останаа незавршени, средствата што останаа во буџетот треба да се алоцираат. Немојте да заборавите и денеска, иако е 2004 година, работат фирми - човек, добиваат многу повеќе работа одколку  што може да претпоставите дека некоја градежна фирма работи. За тоа има документи и податоци, но вие сега не сакате да ги видите. Ќе се видат, воопшто не е проблем.

Начинот на јавните набавки, многу често можете да го видите и колкави се жалбите до судови и не знам до кои се институции во однос на тоа кој како го добива тендерот на овие јавни набавки. Како се одвиваат јавните набавки многу полесно од мене можете да знаете, затоа што случувањата во сите сегменти го имавме директно, еден министер е променет токму поради тие јавни набавки и поради тие продажби. Сега говориме само за 2002 година, сега е 2004 година, а носиме буџет за 2005 година. Затоа, оставете и говорете за ова што е денес.

Оставете го тоа многу брзо, во наредниот закон многу брзо ќе се говори за Телеком. Ќе проговориме и ќе видиме што сега се прави со Телеком. Можете да кажете, да видиме сега што се направи, кој за тоа е одговорен. Што од тие средства што сега Телеком ги дава во Владата и во буџетот на Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Мавровски, госпоѓа Ивановска еднаминута контра реплика.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Благодрам, потпретседателе,

Почитуван колега Спировски, јас не сум заборавила ништо ни пред 2002 година, ниту пак, што е тоа денес што се случува, меѓутоа, овде токму затоа дискутирав за таквиот проблем, на човек фирма. Извршната власт да посвети повеќе внимание во реализацијата на капиталаните инвестиции, во контролата на тоа што во минатиот период посебно до 2002 година, ова посебно го потенцирам затоа што до ден денес не е преземено ништо во делот на реализацијата на таа инвестиција.

Апсолутно се согласувам со вас дека и во овој период не треба да постојат човек фирми кои што треба да реализи јавни набавки.

Меѓутоа, најважен е квалитетот и ефикасноста на реализацијата на јавните инвестиции, иако во Светската пракса постои реализација на инженеринг фирми кои што менаџираат, меѓутоа на многу успешен начин, а не на фирми кои што воопшто немаат референца за извршување на инвестиции за кои што воопшто ниту се стручни освен интересот за профит.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам, госпоѓа Ивановска.

За збор се јави г-динот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам г-дин потпретседателе,

Парламентарната група на ДУИ бара, а јас во името на Парламентарната група барам половина час пауза поради еден инцидент што се случил на влезот на Собранието кога една група на протестанти нападнале наш пратеник, Агим Џелили.

Затоа барам половина час пауза.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господин Алити, може ли прво да го заклучиме претресот,

(реакција на некои од пратениците од место) чекајте, чекајте малку, што викате од место. Јас прашав дали може. Имате право на пауза, но прашувам дали може да го заклучиме претресот.

Дали некој се јавува за збор по оваа точка?(Никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Пред да поминеме на гласање објавувам половина час пауза, а потоа ќе поминеме на гласање.

(седницата прекина 11,26 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 12,10 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа.

Господине Алити имате процедурално.

РАФИС АЛИТИ:

Почитуван претседателе, парламентарната група на ДУИ по побараната пауза за јавноста и за државните органи сака да објасни дека на влезот на Собранието му било попречено да влезе на паркингот на Собранието на пратеникот Агим Џелили и притоа му е оштетено возилото од една група протестанти кои што протестираат пред објектот на Парламентот. Во овој случај, во оваа прилика, ние како Парламентарна група мислиме дека правото на протести е законско право, но, употребата на сила во однос на пратеникот мислам дека е напад врз институциите на државата бидејќи пратеникот е претставник на Парламентот, на државна институција.

Сакам да нагласам дека на инцидентот му помогна и некоректното и селективното однесување на одговорните луѓе за обезбедување на Парламентот бидејќи на влезот пред Агим Џелили без пролеми беше дозволено да влезат на паркингот на Парламентот на еден друг парламентарец, а на Агим му беше забрането да влезе.

Ние бараме од компетентните органи за обезбедување на Парламентот информација околу денешниот инцидент и истовремено одговорност за овој случај.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Јас само можам да ве информирам дека разговарав со Министерот за внатрешни работи истрагата, условно да кажам и прибирањето на информациите е во тек и ќе ја добиете таа информација.

Минуваме на гласање, бидејќи е завршена расправата.

Ве повикувам да гласаме по предложениот заклучок.

Гласале 60 пратеници, за 54 пратеници, 5 воздржани, 1 против.

Службите нека го утврдат бројот.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 62 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 за, 1 воздржан, нема против.

Во салата се присутни повеќе од 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа сендица да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 17 на член 22 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Прдлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 57 гласале за, 2 воздржани, тројца против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

**Минуваме на точка 4. - Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Ве молам кој бара збор?

Повелете г-дине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас го разгледав предлогот за донесување на Закон за ограничување на изворите на приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година. Истиот е направен по некоја рутина во однос на сите досегашни закони што се правеле за ограничување на изворите  на приходите и тоа по однос на вкупниот број население 10%, вкупниот број население 80%, бројот на населени места 10%, површината на општините по квадратни километри исто така 10%. Меѓутоа, она што е овде ново е тоа што буџетот се зголемува за 4% во однос на претходната 2004 година. Значи, врз основа на остварувањето во 2004 година и во однос на планирањето како ќе се оствари во 2005 година дадено е дополнително 4% за зголемување на порастот на приходите на единиците на локална самоуправа. Се прашувам дали овие 4% се доволни со оглед на тоа што ќе имаат повеќе надлежности согласно законите за децентрализација кои што ги донесовме.

Втората дилема е тоа што овој буџет практично ќе биде до половина на годината, значи до јуни, после јуни се планира, согласно овие закони за децентрализација дел од приходите ќе одат директно на сметката на единиците на локална самоуправа. И, затоа се прашувам дали ова е реален буџет за овие единици на локална самоуправа како што е даден во законот во членот број 2, затоа би сакал едно подетално објаснување од Министерството за финансии со голед на тоа што ова е прекршна година и во текот, во средината на годината почнуваат да важат овие закони за децентрализација од аспект на фискалната децентрализација.

Исто така, многу чест случај беше досега за оние општини кои што се финансиски појаки кои што имаат повеќе стопански објекти на својата територија, доколку приходите се остварат над утврдениот износ, како што е тоа општина Гази Баба, тие приходи биле издвоени на посебна сметка на Република Македонија и тие во многу мал процент, по оваа процедура по која се враќаат многу малку доаѓаат назад во општината.

Затоа би апелирал барем сега во овој преоден период, во оваа прва половина на годината, за овие општини можеби требаше да се примени различен процент, а не линеарно 4% за сите општини. Мислам дека тоа ќе беше пореално планирање на буџетот или трансферот во единиците на локална самоуправа.

Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ограничување на изворните приходи и за финансирање на јавните потреби за 2005 година

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 63 гласале за, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 гласале за, воздржани нема 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам пртересот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 60 гласале за, воздржани нема, 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ограничување на изворните приходи и за финансирање на јавните потреби за 2005 година.

**Минуваме на точка 5. - Предлог на програма за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал, за 2005 година.**

Предлогот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување на точка 6.

Отворам претрес по амандманот за менување на точка 6 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Ве молам кој бара збор.

Повелете г-дине Мавровски, потоа нека се подготви пратеникот Силвана Бонева.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитувани патеници, почитуван министре,

Ја имаме програмата за користење на средствата остварени од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2005 година, овој закон како што кажа колегата Иванов препрочитан е неколку пати и лесно е за препрочитување бидејќи има само 6 членови од кои што се кажува со оваа програма, првиот член, се утврдува користењето на средствата што ќе се остварат од приватизацијата со општествен капитал.

Членот 2, средствата од точка 1 во себе вклучуваат дел од остварените средства од приватизацијата на Македонски Телекомуникации како и средства што се планираат да се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во текот на 2005 година.

Точка 3, средствата од точка 2 ќе се користат за следните намени. Тука имаме нешто што досега Владата говореше и министерот, за транспарентност за покажување на бројки кои милуваме да ги видиме и за кои сакаме да говориме. Јас сега од ова што го гледам тука тие бројки некако стануваат недокажани или останува некоја дилема и кај министерот или простор за одредени средства да се изманипулираат. Значи, средствата од приватизација на Македонски телекомуникации ќе бидат наменети за исплата на заостанати обврски по основ на усогласување на пензиите на пензионерите до 455 милиони денари. Тоа е првата ставка.

Втората ставка, испласта на заостанати обврски по основ на усогласување на пензиите на пензионираните работници од МВР до 200 милиони денари и,

Третата ставка, отплата на домашен и странски долг на Република Македонија,

Овие средства, јас, тука, за последната ставка апсолутно не се предвидени средства. Сега прашувам дали вкупнит средства кои што ќе бидат од Македонски телекомуникации дивиденда од околу 18 милиони евра или милијарда и 100 милиони, во оваа ставка останува негде околу 465 милиони да се употребат за отплата на домашен и странски долг на Република Македонија.

Минатата година при расправата на буџетот стигнавме до една ситуација каде што воопшто се повтори истата ситуација, каде што повеќе од милијарда беа дадени точно за ова што буџетот треба да го покрива и да го затвори. Но, во оваа ситуација имаме нешто сосема поинакво. Моите колеги пратеници од позицијата пред малку говореа како се користени средствата од Телекомот, дека тие средства биле злоупотребени, во оваа ситуација, мислам дека вака како што се поставени

средствата од приватизацијата на Македонски телекомуникации, а кажавме дека сите овие средства треба да се користат за инвестиции, овде апсолутно таква работа не гледам. Вие од неможноста да соберете средства кои што треба да влезат во буџетот и со буџетски средства да ги дополните овие фондови, за пензиско осигурување тука префрлате некаде околу 655 милиони од средствата од Телеком кои беа инвестиционо предвидени, беа предвидени за она што вие толку многу го критикувавте, водоводи, канализации, изградба на објекти, за образование, за култура и за останати активности, кои што претходната влада на Љубчо Георгиевски го направи, но вие остро го нападнавте, а сега апсолутно не гледам никој воопшто да реагира на ова што сите овие средства се наменети само за пополнување на Буџетот, а за граѓаните на Република Македонија апсолутно не останува ништо ниту за инвестиции, нитуу пак за пополнување на друг фонд.

Од друга страна вториот дел, втората ставка од точка 3  средствата од приватизација на претпријатијата со општествен капитал што се планира да се остварат во текот на 2005 година, ќе бидат наменети за отплата на долгот по основ на обврзници издадени согласно Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија. Или, поедноставно, за старите девизни заштеди.

И во буџетот и во она што значи објаснување од господинот министер и во експозето, тој ни објасни дека крајот на 2005 година е годината каде што треба да почне со приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Јас апсолутно тука не видов ни една стафка ни една бројка, која и дали е предвидена од продажбата на електростопанство на Македонија. Не видов ни една ставка која што ќе каже колкав ќе биде делот и од тоа што ке биде продадено кое што ќе треба да го добијат вработените во Електростопанство на Македонија за кое што расправаме при донесувањето на законот за преобразба на истото. Апсолутно, таква работа воопшто не е спомната. За ТАТ можеби е и досадно, но во секој случај господинот министер беше избран во 5-та изборна единица имаше многу ветувања, но апсолутно граѓаните останаа необештетени и заврши уште посрамно отколку што почна цела афера.

Во однос на приватизацијата и средствата кои што се добија во 2004 година мислам дека многу полошо ќе биде во 2005 година, за што ја критикувавте претходната Влада дека давала дисконти од 40,50, па и 70%, ние донесовме закон кои што во старт даваме дисконт од 90%. Значи, средствата кои што ќе ги остварите

на овој начин се минимални и тие средства се добиваат во кеш така да со овие средства многу малку ќе добијат и за инвестиции и за оние фондови за кои што ќе треба да има развој. Значи, апсолутно на овој начин што ни го нудите тука, сите средства од приватизацијата на македонски телекомуникации ја немаат онаа правилна намена за која што треба да бидат употребени, се употребуваат директно како средства во Буџетот, а не за граѓаните на Република Македонија, за отплата на домашен и странски долг.

Значи, средтвата од приватизацијата на претпријатијата ќе бидат употребени за отплата на старото девизно штедење и тука апсолутно не гледам ништо, а на она што ќе биде главно можеби во 2005 година е приватизацијата на ЕСМ.

Начинот на кој што вие го презентирате ова како програма за користење на средствата со тоа што ставката 3 од подточка 1 од точка 3 во која што имате отплата на домашен и странски долг, во која што не спомнувате ниту една бројка мислам дека е некоректно и ако сакаме да кажуваме за транспарентност очекувам од вас да ја кажете конечната бројка која што треба да се добие од Македонските телекомуникации и дали од ова нешто е предвидено за инвестициони активности. На овој начин апсолутно немате ништо и колкави се очекувањата од приватизацијата во 2005 година, една програма, добро кажа еден колега од позицијата ќе беше многу добро како комисии, како пратеници да учествувавме во донесувањето на овој Буџет. Тогаш сигурно многу работи ќе ни беа повеќе познати и ќе можевме да интервенираме во одредени ставки кои што сега се презентираат и сакаат да се поминат на мала врата.

Но, во секој случај јас апсолутно не сум задоволен од ова што го гледам пред мене и мислам дека никој не се потрудил, барем малку, освен овие две ставки кои ги имате презентирано тука, да направи некоја спецификација на она што очекуваме да биде продадено, во кој дел и со кои средства и што ќе биде одделено за вработените, што ќе биде одделено за останати инвестициони активности. Ова оди се директно во Буџетот и се потполнува Буџетот во однос на фондовите за пензиско осигурување и отплата на домашен и странски долг за кој што сигурно граѓаните на Република Македонија ќе видат некое фајде од сето тоа.

Благодарам господине претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Бонева повелете.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Благодарам.

По повод Програмата која што е доставена од страна на Владата за користење на средства остварени од претпријатијата со општествен капитал за 2005 година сакам да искажам неколку забелешки.

Најпрво, во самиот наслов на Програмата потребно е да се прецизира дали Програмата за користење се однесува на сите средства кои што ќе се остварат од приватизацијата, или на дел од нив со што ќе се намали можноста од злоупотреба при нивното користење.

Понатаму, точката 1 се однесува на тоа што се кажува дека со оваа Програма се утврдува користењето на средствата што ќе се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал.

Во точка 1 потребно е да се изврши прецизирање на начините на кои што може да се искористат средствата опфатени со Програмата, како и да бидат наведени и условите и критериумите по кои што овие средства ќе бидат распределувани за определени цели.

Притоа потребно е за секоја цел поединечно да биде определен максимален износ на средства кој што може да биде потрошен за конкретно наведената цел.

Понатаму, во точката 2 се кажува дека средствата од точка 1 во себе вклучуваат дел од остварените средства од приватизација на Македонски телекомуникации, како и средства што треба да се остварат од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал во текот на 2005 година.

Овде потребно е да се изврши прецизирање на делот од остварените средства од приватизацијата на Македонски телекомуникации кои што ќе бидат ставени на користење, како и обемот на средствата од приватизацијата на средствата од останатите претпријатија кои што се планира да бидат остварени.

Исто така треба да се наведе колкав обем на средства од приватизацијата се планира да се оствари во текот на 2005 година согласно планираните продажби во 2005 година и согласно проценките на вредностите на преостанатите претпријатија во општествена сопственост.

Понатаму, потребно е да се конкретизираат и износите кои што ќе бидат ставени на располагање.

Во точка 3 се зборува за средствата дека ќе се користат за следните намени, и е кажано дека средствата од приватизацијата на Македонски телекомуникации ќе бидат наменети за исплата на заостанати обврски по основ на пензиите, за

пензионирани работници од Министерството за внатрешни раоти и за отплата на домашен и странски долг на Република Македонија.

Меѓутоа, по кои критериуми се определени намените за кои што ќе бидат користени средствата воопшто не е кажано. Дали средствата ќе бидат наменети исклучиво за наброените намени.

Во точка 3.1. алинеја 3 потребно е да се одреди максималниот износ кој што може да биде употребен за отплата на домашниот и странскиот долг на Република Македонија. Во Програмата воопшто нема дадено ниту една бројка колкав дел од долгот, или колкава е таа сума која што се планира да биде отплатена на домашниот и на странскиот долг што го има Република Македонија.

Понатаму, во точка 3.2. алинеја 1 потребно е да се одреди максимален износ кој што може да биде употребен за отплата на обврзници. Овде стои дека средствата од приватизација на претпријатијата со општествен капитал што се планира да се остварат во текот на 2005 година ќе бидат наменети за отплата на долгот по основ на обврзници издадени согласно Законот за начинот и постапката за исплатување на депонираните девизни влогови граѓани на Република Македонија по кои што гарант е Република Македонија, меѓутоа не стои никаков износ на средства, ниту пак максималниот износ кој што може да биде употребен за отплата на обврзници.

Во точка 4 став 2 се зборува за исплата на средствата за одделни намени од точка 3 дека ќе се врши врз основа на документација и начин утврден со прописите за овие намени. Меѓутоа, техниката за спроведување не е јасна бидејќи не се упатува на закон или на подзаконски акт. Овде треба да се предвиди и тоа како овие средства ќе се распределат ако останат неискористени за она што таксативно е наведено во Програмата.

Понатаму, потребно е да се прецизира надлежноста на Министерството за финансии во смисла на извршување на Програмата, надзорот врз користење на средствата и информирањето на Владата. Значи, генерално можам да забележам дека има неутврдување на износите на средства кои се ставаат на располагање за наведените намени и тоа отвора можност за злоупотреба при нивната употреба.

Исто така се гледа дека нема развојна компонента бидејќи не се предвидени средства да се користат за структурните реформи кои што се толку неопходни во 2005 година.

Понатаму, многу општо е кажано во одредбите и не се прецизира колку средства ќе се користат од приватизацијата и точно за кои намени.

Мислам дека е испуштено и треба да се предвидат средства за изградба на домови за раселените лица. Исто така доколку во 2005 година се продаде ЕСМ преку оваа Програма можат да се користат овие големи средства и за исплата на долговите на Република Македонија, бидеји знаеме дека со оваа Влада долгот на Република Македонија  се зголеми на 300 милиони долари. Значи, треба да се каже што  планирате со парите од ЕСМ, дали предвидувате да се исплати дел од долгот на Република Македонија.

Сметам дека не треба вака да изгледа Програмата, како што е дадена, треба да се конкретизираат сите овие нешта кои што ги наведов за да може да биде и од страна на нашата пратеничка група поддржан овој Предлог на предлог на програма.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, молам кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на програмата.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, од кои 56 гласале за, 4 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата.

Минуваме на точката 6 - **Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

Господине Мавровски повелете, а потоа господинот Трајановски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

И во овој Предлог-закон  за изменување и дополнување на Законот за буџетите имаме само пет члена.

Во образложението за донесување на законот стои дека согласно заклучокот донесен на 74-та седница на Владата на Република Македонија , која што е одржана

на 8.03.2004 година Министерството за финансии потребно е да изготви измени на системскиот закон за буџети во правец на етаблирање на воспоставениот механизам за ново вработување.

Со предложената измена се нуди решение според кое нови вработувања може да се вршат само доколку се во согласност со актите за систематизација и доколку за нив се обезбедени средства во Буџетот.

Токму ова е она што е спорно, членот 1. Господинот министер и покрај тоа што неколку пратеници го прозваа во Предлогот за донесување на законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, членот 1 од овој Предлог на закон е истиот со членот 22 од тој закон и ако не даде објаснување, а членот 1 многу добро кажува, во кој што по ставот 2 се додаваат три нови става кои што претставуваат член 22 во извршувањето на Предлогот на закон, значи корисниците и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Макеоднија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија, јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија, како и трговските друштва основани од Република Македонија можат да вработуваат нови работници и да потполнуваат испразнети работни места само под услов за тоа се обезбедени средства во буџетите согласно финансиските ланови за тековната фискална година. Притоа ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

Токму тука е она што значи замка. Ние и до сега врз основа на ова што го кажувате, врз основа на овие систематизации и обезбедени финансиски средства беа вработени голем број на луѓе, но врз основа на ова што вие после тоа го кажавте, трансформации, структурни промени и не знам уште како не крстени ситуации тие луѓе беа избркани од работа. Сега повторно по тие систематизации се појавуваат празни места кои што вие на овој начин ќе се обидете да ги потполните и сигурно ќе ги потполните со тоа што после тоа ќе донесете закон за неменување и неможност за други структурни промени. Мислам играта е многу провидна, но во секој случај ако бевте прозвани очекувавме да кажете за законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, овој ист член го имате и во двата закони, сигурно дека повторно нема да се јавите како што не се јавивте и по претходните закони. Сигурно вие се знаете, оставате ние да видиме што и како ќе биде, но во секој случај

да оставиме на граѓаните на Република Македонија да го донесат својот заклучок после сето ова што вие го нудите толку транспарентно, со две бројки од кои што не сакате да кажете колкава е вкупната сума и колку работи за што се однесуваат.

Значи, оставаме на вас и ова што вие ќе го направите со изменување и дополнување на Законот за буџетите. Граѓаните на Република Македонија многу скоро ќе имаат можност да видат што се ова значи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас за ова малку зборував и за една од претходните точки, мислам дека беше Законот за извршување на буџетите, гледам дека истиот текст само преточен тука во новиот закон, имаше еден член сличен со оваа содржина. Значи, се работи за измена на системски закон во правец на етаблирање на воспоставениот механизам за нови вработувања.

Јас и тогаш упатив барање до министерот за финансии и го прашав, мислам по повод претходната точка, дали ова значи отворање на вентил за нови вработувања во единиците корисници на Буџетот различно од досега. Имено, досега во Заводот за вработување можеше да се пријави ново вработување само со согласност со Министерството за финансии. Сега тоа не го гледаме и дали на овие издвоени корисници на Буџетот, како што се Фондот за ПИОМ, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Заводот за вработување на Република Македонија, како и јавните претпријатија основани од Владата на Република Македонија  можат да вработуваат нови работници, да потполнуваат испразнети работни места само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетите во однос на финансиските планови за тековната фискална година.

Иако во ставот 2 на оваа измена се вели дека обезбедените средства во случаите од став 3 на овој член Министерството за финансии во рок од 15 дена писмено ги известува корисниците и членките на корисници на Буџетот и јавните претпријатија за нивно вработување. Значи, може и да не ги извести, или независно

од тоа, последната точка каде што може да се контролира новото вработување, тоа е Агенцијата за вработување.

Сметам дека доколку тоа се испушти и доколку се отвори овој вентил ќе настанат неконтролирани вработувања кај корисниците на Буџетот на Република Македонија.

Затоа уште еднаш го прашувам министерот дали е ова на некој начин на мала врата, или отворање на вентил за нови вработувања особено на заедниците кои што не се мнозинство во Република Македонија, што пак ќе потенцирам, не сум против тоа, меѓутоа дали е тоа некој договор на коалиционите партнери.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

идејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 66 пратеници, од кои 60 гласале за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници од кои 61 гласале за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1 и на член 3 за менување на став 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 2, поднесен од Законодавно-правната комисија

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој  бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 59 гласале за, 2 воздржани и 3 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

Минуваме на точка 7 - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за хартии од вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 62 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 62 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за хартии од вредност.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за изменување на законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието  Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 1 од Амандманот ЏВИ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Коце Трајановски.

Господине Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Донесувањето на овој закон е последица на измените на законот за локални избори. Со оглед на тоа што локалните избори се пролонгираа и наместо во октомври, еве сега се предвидува да бидат одржани во средината на март. Затоа малку ме чуди што овој закон го гледаме толку доцна, токму пред Нова Година. Мислам дека можеше да го гледаме и порано, со оглед на тоа што се знаеше дека се пролонгирани роковите во Законот за локални избори и затоа сега доаѓа некако пред Нова Година, пет до дванаесет.

Добро е што се ставени роковите, не се децидни.

Во членот 45 од постојниот закон, наместо 1 јануари, значи првата фаза на пренесување средства на општините, ќе започне, наместо од 1 јануари, предвидено е од почнувањето на примената на овој закон. Добро е тоа што не е ставен дециден термин.

И за трансферите на дотации од буџетот на Република Македонија, исто така е пролонгирано, наместо 15 септември, најдоцна два месеци пред отпочнувањето на примената на овој закон, мислам на законот што сега го дискутираме. Исто така и при преземањето на вработени и имотот на подрачните единици на Министерството за финансии, наместо 01.01.2005 година, даде е денот на примената на овој закон. Исто така и за преземање на вработените од Министерството за финансии, управа за јавни приходи, не е ставен дециден датум и тоа мислам дека е добро.

Меѓутоа, на крајот при измената на член 55, се вели неговата примена ќе биде од 01.07.2005 година. Значи ако овој термин е децидно кажан, 01.07.2005 година, сметам дека и овие би требало исто така да бидат децидно кажани, или пак и овој термин можел да биде пролонгиран на некој друг начин. Можело да се каже дека е децидно, а кажано е со денот на отпочнувањето.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 62 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам  претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Има збор

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека, согласно точка 1 од Амандaнот ЏВИ на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака? (17).

Кој е против, молам да крене рака?(Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Дали некој не гласал, за да го утврдиме точниот број на приситните. (Нема).

На седницата присуствуваат 17 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа 17 пратеници, против никој не гласаше и воздржан нешаше ниту еден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Во договор со пратеничките групи, сега правам пауза до 14,00 часот, а работиме до 18,00 часот, бидејќи оваа седница ако ја земеме паузата од пола час што ја направивме, пак почна во 11,00 часот.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,00 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон.**

Предлог за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете госпоѓо Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, почитуван господине министре,

Сосема накратко ќе ги искажам моите размислувања во однос на предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за персонален данок на доход. Најпрво, сметам дека со зголемувањето на персоналниот данок на доход ќе се предизвика зголемување на даночното затајување, бидејќи секое дополнително зголемување на даноците предизвикува даночна евазија. Светските трендови, односно начини на стимулирање на даночните обврзници да ги плаќаат даноците кон државата и да воведуваат стимулативни мерки и санкции за оние кои не ги плаќаат давачките, а не да ги покачуваат даноците. Република Македонија со ова покажува дека нема константна даночна политика, бидејќи, само за потсетување, во 2003 година беше зголемена повластената стапка на ДДВ, сега се предлага промена на акцизата, беше променет Законот за данок на добивка. Со ова дефинитивно Република Македонија се претвора во неатрактивна држава за инвестиции. Не слушнавме од министерот колку екстра приходи ќе се добијат во Буџетот од овој закон и дали има направено проекција колку изнесува тоа.

Понатаму, во членот 3 се вели дека обврзникот кој што остварува лични приходи од странство, како и обврзникот кој што остварува лични примања од дипломатски, односно конзуларни претставништва на странски држави, кај претставници и службеници на такви претставништва кои уживаат дипломатски имунитет и кои сами го утврдуваат и уплатуваат данок, вели дека е должен да поднесува годишна даночна пријава. Навистина не знам која е суштината на овој член 3 да се обврзуваат лицата кои уживаат дипломатски имунитет да поднесуваат годишна даночна пријава кога во истиот став е наведено дека тие сами го утврдуваат и уплатуваат данокот, сами поднесуваат годишна даночна пријава и затоа, повторно ќе кажам дека со овој данок не правиме ништо друго туку дополнително ќе се одвратат странските директни инвеститори и ќе се поттикне даночното затајување на даночните обврзници во државата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас би сакал да кажам неколку зборови во врска со овој закон. Во суштина овој закон е многу краток, а измената е во тоа што се воведува трета даночна стапка на данокот на доход. До сега имавме даночна стапка 15% и 18%, сега ќе имаме и трета даночна стапка од 24%. Значи сите што имаат лични примања, личен доход до 30.000 денари ќе бидат опфатени со даночната стапка од 15%, од 30.000 до 60.000 денари 18% и сега над 60.000 денари 24%.

Се поставува прашањето зошто се менува Законот за персонален данок со додавање на трета даночна стапка. Министерот вели дека тоа се прави заради поддршка на платниот биланс. Се поставува прашањето дали дефицитот во платниот биланс треба да се поддржува со зголемување на даноците и даночните стапки, кога знаеме што ќе значи тоа оптоварување за бизнисмените и стопанствениците. Имено, пред една недела актуелниот премиер беше во посета на фирми во Охрид, каде што бизнисмените отворено побараа да бидат намалени, а не зголемени даночните оптоварувања спрема вработените. Само сакам да потсетам дека во 2001 година се намалите стапките на персоналниот данок, до тогаш постоеја 23%, 27% и 35%, тие се сведоа на две стапки и тоа на 15% и 18%. Тогаш целта беше

трошокот на работодавците да се намали, со цел да се поттикне отворањето на нови работни места и намалување на горливиот проблем на невработеноста. Сега со воведувањето на оваа трета даночна стапка сметам дека ќе се оди во обратна насока, а не знам колкав ќе биде ефектот бидејќи 95% од персоналниот данок можеби се остварува во овие две даночни стапки. Имено, многу мал ќе биде бројот на тие што ќе имаат личен доход над 60.000 денари, па поради тоа ефектот нема да биде голем. Од друга страна, тоа ќе поттикне даночна евазија. Значи, фирмите ќе наоѓаат начини како да го одбегнуваат ова. Има многу начини, во секој случај пак нема да биде тоа ефектот кој се очекува, односно да се соберат средствата со оваа трета даночна стапка. Исто така, ова е лош сигнал до работодавците, до стопанството и до потенцијалните странски инвеститори, бидејќи честото менување на даночните стапки практично ќе ја наруши стабилноста на стопанските субјекти при нивното планирање, нормално и на инвеститорите. На тој начин мислам дека ќе се намали бројот на потенцијалните инвеститори во Република Македонија.

Исто така, ова можеби ќе биде и казна за предприемачите, иноваторите и за оние кои имаат храброст и талент да заработат повеќе пари. Сметам дека на овој начин ние влегуваме во една друга сфера, која не е добра во Република Македонија, со секојдневно менување на прописите и даноците, иако знаеме дека претходно беше изменета ставката на ДДВ од 5% на 18%.

Затоа, на крајот да резимирам, промената на даночните стапки или воведувањето на третата даночна стапка е повеќе негативна отколку реално што може да предизвика некој позитивен ефект.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господин Аднан Јашари, имате реплика, повелете три минути.

АДНАН ЈАШАРИ:

Благодарам господине претседател,

Не само од претходниот говорник, но и во медиумите како во пишаните така и во електронските, поради предложените измени во овој закон се даваат информации, јас би рекол и невистини. Како што рече и претходниот говорник, се говори дека има измена на стапката, што не е вистина, туку со овој предлог се предлага и нова даночна стапка, затоа што токму во овој вид на данок како што е персоналнот данок стапката е прогресивна, додека кај сите други даночни видови

стапката е пропорционална и оваа можност за предвидување на даночните стапки постои само кај персоналнот данок.

Уште еднаш сакам да повторам дека тука не се работи за зголемување на стапката, туку предвидување на нова стапка која ќе биде 24% за приходите на месечно ниво што се поголеми од 60.000 денари.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Коце Трајановски, една минута.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Јас навистина не ја разбрав репликата, морам да признам. До сега со посетојниот закон тие кои имаа личен доход до 30.000 денари плаќаа 15% данок, а над 30.000 денари 18%. Со воведувањето на третата даночна стапка практично оние што имаат личен доход над 60.000 денари ќе бидат опфатени со стапката од 24%. Значи тие што сега имаат над 60.000 денари, до донесувањето на овој закон, плаќаат 18% данок од масата на парите. На овој начин тие ќе плачаат 24%. Не знам каде ја гледа суштината дека тоа не е зголемување. Колегата е правник, јас сум техничко лице, информатичар, сум работел на програми за личен доход, така што мене ми е многу јасно што значи ова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Колегата мислам дека е економист, не е правник, значи и тој има знаење од математиката.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Ќе кажам многу кратко. Гледам дека колегите стануваат нетрпеливи, но се работи за пари и за даноци точно на граѓаните на Република Македонија. Оваа стапка со која се опфатени примањата од 360.000 до 720.000 денари со 18%, а ова што значи покачување над 720.000 со 24%, мислам дека е оправдано и можеби треба да се најде уште една граница, уште еден лимит, каде што оние кои земаат повеќе да бидат оданочени уште повеќе, но за разлика од тоа оние луѓе кои ги добиваат просечните лични доходи, министерот ќе мора да најде начин како тие да се ослободат од овие 15% на персонален данок, затоа што ќе признаеме, ако

правиме вакви граници, оној што е до границата на 120.000, 150.000 денари, ќе мораме да најдеме начин како да ги ослободиме, затоа што во борбата со сиромаштијата која што ја најавивте уште 2002 година, говориме дека и луѓето што денеска работат и земаат личен доход се чувствуваат сиромашни и многу од нив примаат социјална помош. И уште кога на тие средства во Буџетот се одлеваат 15% мислам дека не е регуларно, а од друга страна, оние што ги имаат парите, дали тие пари ќе бидат во банки, пари што не се инвестираат, поголеми приходи, во случајот се работи за персоналниот данок,но и воопшто за парите кои стојат во банките, апсолутно ќе треба да се воведе некој данок или пак ослободување од тој данок, со тоа што тие средства би се инвестирале во културата, во спортот на начин луѓето да можат да инвестираат или тие пари да бидат во капитални инвестиции и да придонесат точно за она што како буџет и вие го имате предвидено, што апсолутно не задоволува. Значи за спротот и културата можеби ова е начинот, преку ослободување од одредени давачки тие пари да стигнат токму на тие места. Во секој случај, има две дилеми. Едната е ослободување или намалување на персоналниот данок за оние лица кои добиваат меѓу 120.000 и 150.000 денари годишно, значи оние што се на просечниот или под просечниот личен доход во Републиката и зголемување за овој лимит, дали до 720.000, можеби ќе биде 1.000.000 денари, зголемување од 24% на некоја поголема стапка на данок. Тоа е моето размислување и предлог до Министерсртвото. Сега знам дека тоа не може да се направи, но за идниот буџет сигурно ќе треба да ги разгледа тие можности, што ќе значи тоа во бројки, колкава е добивката, колку пари се изгубени, затоа што и самите кажувате, со тоа што стапките на овој персонален данок се намалени на 15% и 18% во 2001 година, буџетските приходи се намалени за околу 27%. Значи, начинот како ова ќе го направиме останува на вас. Ние имавме можност да го видиме овој предлог многу кратко за да можеме подетално да направиме анализи и да видиме што значи тоа во средства, колку се вработени и колку средства од овие даноци ќе го полнат Буџетот на Република Македонија. Сепак, како предлог останува Министерството за финанси и министерот да размисли за овој проблем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Еве, јас бидејќи не се осврнав на Буџетот, да си земам за право да продискутирам за овој закон, и би сакал тоа, еве како и известител од Комисијата за финансирање и буџет, да кажеме дека навистина овој закон предизвика и расправи на самата Комисија. Имаше доста интересни размислувања и би сакал овдека да ги кажам без разлика, што нели има извештај за тоа. Мене ми е јасно дека овој закон на некој начин мора да биде усвоен, затоа што она што е овдека предвидено со воведување на трета ставка лод 24% за персоналниот доход кој што надминува износ на годишно даночна основица од 720.000 денари или месечна од 60.000 денари, како и за конзуларните претставништва и тн., во членот 3 каде што е предвидено. Јасно управува дека тоа е веќе и проектирано во самите приходи, вкупните приходи на Буџетот со оглед на тоа е усвоен или пак изгласан, така да неприфаќањето на овој закон би ја пореметила приходната страна на Буџетот каде што се предвидуваат приходи по овој основ. Едно е што е овдека, да речеме ново. Фактички целиот закон е ист, нели оние ставки од 15% и 18% и до сега постоеја и од сега остануваат, нова е тоа што се додава од 24%, или се задржува онаа тенденција каде што и претходно до 2001 година имавме три даночни стапки од 23%, 27% и 35% кои потоа се намалија на 15% и 18%.

На Комисијата имаше дискусии дека ваквиот начин на оданочување прво нема да постигне кој знае каков позитивен ефект, факт е дека мал ќе биде ефектот, значи на платата, односно колку приходи по овој основ ќе има во Буџетот, не е некој значителен. Се отвори проблемот и во правец на тоа дека со ваквото оданочување кое според скоро сите членови на Комисиајата е оправдано, затоа што на повисоките или побогатите треба да плаќаат и повисока стапка на данок. Меѓутоа се отвори проблемот на можноста од прикривање, нерегуларно, ненавремено и невистинито пријавување на точниот износ на примањата за да се избегне ставката од 24%, значи ако се примањата над 60.000 денари, да се пријавуваат дој 59.000 денари, за да не влезе во онаа стапка од 24%, за кое што проблем постоеше и кај претходниот износ. И имаше една дискусија за која што имаше внимание и сугестија од предлагачот да се воведе една ставка од 0%, поточно да нема оданочување на оние минимални износи до 12.000 денари примања, се со цел тие примања и онака се мали, заради социјалната положба на оние кои што ги примаат, да не треба да плаќаат данок, односно персонален данок по основ на 15% основица.

Тоа беа забелешки кои што се искажаа на Комисијата, главно тоа се и забелешки кои што и овде се искажуваат во самата расправа, така да тоа е ставот, кој Комисијата го усвои. Мислам дека тука имаше 1,2 гласа против, но во целина Комисијата го усвои и го достави извештајот до Собранието. Сега останува на пратениците тоа да го верифицираат, со тоа што јас пак ќе кажам, без разлика какво ни е мислењето по основ на овој закон, тој на некој начин треба да биде усвоен затоа што веќе е проектиран, односно во самата проекција на вкупните приходи на Буџетот е веќе внесено. Доколку не би се усвоил, би настанал проблем и би требало тука да се корегира и самиот буџет.

Значи, да заклучам, стапката од 24% за високите примања е позитивен ефект и според нас како опозиција, затоа што на повисоките примања треба да има повисоко даночно оданочување, меѓутоа, стои забелешката дека кај ниските примања потребно е и можно е, и треба Владата да размислува во тој правец, да има ослободување, односно стапката да биде 0%, се со цел заради социјалната положба на оние наши граѓани кои имаат мала плата и мислам дека на тој начин не би се нарушил вкупниот приход кој е планиран по овој основ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и пред да му предложам на Собранието заклучок, ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата треба да пристапиме кон гласање.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, 54 за, нема воздржан, нема против.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 36 пратеници, 36 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 63 пратеника.

Го поништувам гласањето. Треба да гласаат над 40 пратеници.

Ве молам сите притиснете на копчето.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 57 пратеници гласале за.

Ве молам, да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

Го поништувам гласањето бидејки во моментот на гласањето во салата беа присутни 60 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Заклучокот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 56 гласале за, нема воздржан , 1 против.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 58 за, нема воздржан, 1 против.

Во салата се присутни 65 пратеника.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 и на
член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никојне бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, нема воздржан, 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за персоналниот данок на доход.

**Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?.

Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе. Ние имавме закон за акцизи кои што престанаа да важат на 1 јануари 2004 година. И сега повторно ги воведуваме со по една поинаква динамика. Објаснувањето на министерот барем во она додека траеше донесување на Буџетот, зошто се предлагаат акцизите, беше дека со намалување на царинската стапка на увезените патнички автомобили, новите патнички автомобили кога ќе се намали на 4% за земјите од Европската унија и на 5% оние што се увезени од останатите земји надвор од Унијата, а тоа е обврска која мора да ја регулираме поради влезот во Светската трговска организација, кај нас ќе се предизвика негативен, барем така ни објасни министерот, негативен фискален ефект во Буџетот. Сега за да го елиминираме тој фискален Буџет ние повторно се

враќаме на акцизата која ја укинавме пред една година. Меѓутоа, јас апсолутно не се согласувам со воведувањето на акциза на патничките автомобили, поготово пак не во ваков обем како што е дадено во предлогот. Наиме, во самиот предлог се воведува една цела глава за патнички автомобили и се врши една категоризација за висина на акциза која ќе се плаќа во зависност од зафатнината на моторот. Меѓутоа, ваквата обврска ценам дека е во спротивност со правилата кои произлегуваат од Спогодбата за асоцијација и стабилизација која што ние сме ја прифатиле и работиме по неа и сме зеле обврска дека ќе ги почитуваме правилата за кои што сме потпишале и по кои треба да работиме. Јас колку за потсетување ќе ви прочитам дел од Спогодбата кој вели, дека ако во една земја на Европската унија, или Македонија има сериозни проблеми со платниот биланс и им се заканува такво нешто што може да усвојат мерки во согласност со Спогодбата за СТО, тие мора да бидат во ограничено времетраење. Значи, повторувам, во ограничено времетраење и не можат да одат над она што е стрикно неопходно за поправање на состојбата во платниот биланс. Од ова произлегува дека ние доколку се одлучиме на ваква мерка за стабилизирање на платниот биланс, таа мора да биде временски ограничена. Меѓутоа, во Предлогот кој денес го имаме на дневен ред, не гледам такво временско ограничување. До кога оваа мерка ќе трае, значи временски колку ќе биде потребно за да го стабилизираме платниот биланс кој ќе ни се појави сепак, како намалување на царината на патничките автомобили. И дали ние не постапуваме овој пат со ваков Предлог закон спротивно на правилата на Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Јас ценам дека доколку овој закон се усвои, а гледајќи го парламентарното мнозинство како ревносно ги изгласува законите, ќе се усвои, ние ќе предизвикаме, прво ќе ги прекршиме правилата на кои сме се обврзале дека ќе ги почитуваме. Друго, може да ни се случи двојно повеќе да платиме отколку што можеме да добиеме во Буџетот со акцизите. Тие се проектирани како доходовен дел во Буџетот. Меѓутоа, јас го прашав министерот и за време кога дебатиравме за Буџетот што ќе се случи ако дилерите да речеме на автомобили, на нови патнички автомобили ја тужат Република Македонија за донесување на закон кој е спротивен на правилата на Спогодбата за асоцијација и стабилизација. Тогаш, ние ќе платиме двојно, еднаш граѓаните ќе платат акциза за патничките автомобили, а вториот пат пак од данокот на граѓаните, значи од нивниот џеб ќе платиме за она што ќе значи судска оштета. Ако сакаме да одиме во Европа и ако прифаќаме да бидеме дел од тоа европско семејство, прво и основно е да ги почитуваме правилата, а пред се

оние за кои сме се согласиле, сме потпишале и сме прифатиле, а тие правила произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Затоа, јас не можам да прифатам ваков предлог кој е директно спротивен со правилата за стабилизација и асоцијација, затоа што јас сакам да бидам дел од европското семејство и сакам да ги почитувам тие правила за кои ние сме се заложиле. Бидејки овој предлог пред се нема временско ограничување за траење на ваквата мерка, апсолутно е во спротивност со ова. И затоа не можам да подржам ваков предлог.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе. Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со овој закон. Пред се би сакал да истакнам дека со овој закон се предвидува покачување на две акцизни добра, а тоа се цигарите и автомобилите. Доколку внимателно се разгледа овој закон можат да се забележат низа негативности кои што говорат во прилог на отфрлување на решенијата кои што се овде предвидени. При опишување на целта за донесувањето на овој закон наведено е намалувањето на платнобилансниот дефицит, т.е. Владата сака да го намали продавањето на скапи коли кои се купуваат од странство, со што би се намалил одливот на девизни средства. Меѓутоа, ваквото решение зачудува доколку се земе во предвид фактот дека платниот биланс треба да се намалува со потикнување на извозот и со зголемување на производството, а не со вакви мерки на намалување на увозот, односно со репресивни мерки. Исто така, земајки го во предвид овој факт би сакал да кажам дека Владата треба да превзема мерки за зголемување на производството и на извозот во Република Македонија.

Од друга страна, ваквото решние е во спротивност со предизборните ветувања за фискални олеснувања, додека денеска сме сведоци за сосема спротивна мерка, односно зголемување на акцизата.

Исто така, сакам да  ја наведам практиката што Владата би требало да ја почитува, а тоа е дека не треба да се воведуваат високи акцизи за добра кои не се пртоизведуваат во Република Македонија. Значи, Република Македонија не е производител на коли, а сепак , тука се предвидува зголемување, или воведување на акцизата.

Би сакал да го запрашам министерот за финансии дали по обем се планира зголемен или намален увоз на автомобили. Мора да се земе предвид фактот дека

овој закон се носи поради намалување на увозот, во однос на намалување на платниот биланс, што автоматски значи намалување на приходите од ДДВ, кои што се остваруваат преку увозот.

Од тука, логички се наметнува прашањето за тоа дали министерот го знае точниот фискален ефект од ваквите мерки врз ДДВ, цатината и акцизата.

При ова, би сакал да напоменам дека спротивставувањето на ваквиот закон постои и во Министерството за економија, каде што овој закон мислам дека не е одобрен.

Најпрвин би сакал да наведам дека сите овие измени во Законот се направени без согласност или мислење од импортерите на автомобили. Па така Владата во овој случај нема коегзистентна политика, па импортерите на коли не мжат да ја предвидуваат секоја наредна година во делот на инвестиции и програма за работа.

Со тоа, тие излегуваат несериозни пред своите деловни партнери во странство. Со ваквите мерки се воведува еден вид на протекционизам, бидејќи се создаваат услови за нееднакви стопански услови. Па така, нема акциза за автомобили до 1000 кубици, многу е мала од 1000 до 1500 кубици, која што изнесува 250 евра. Токму со ваквото воведување на акциза врз основа на кубикажа претставува многу лоша методологија. Па така може да настане случај при купување на автомобил од 2000 кубици, пример од марка ТОЈОТА да плати 20 илјади евра , додека за МЕРЦЕДЕС можеби и 100 илјади евра.

Ваквата состојба во реалноста едноставно нема никаква логика. Потоа, до колку се разгледаат законите за царинска тарифа и за царински стапки ќе се забележи дека царината од 10 на 15% се намалува само на КАРАВАН автомобилите. До колку се направи анализа ќе се забележи дека ваквите возила во возниот пат на Република Македонија учествуваат само со 3%. Значи има царинско олеснување за возила кои во многу мал процент се купуваат од страна на граѓаните и тие повторно се лишени од можноста да ги почувствуваат благодетите од решенијата кои ги носи Владата.

Исто така, согласно договорите за стабилизација и асоцијација со ЕУ, како и договорот со Светската трговска организација , односно одредбите што ги има преземено Република Македонија не се предвидуваат воведувања на нови давачки со фискален ефект.

Исто така, овие договори се засновани врз принципите на транспарентност, предвидливост и неповласртена нација. Со решенијата во овој закон се кршат овие

принципи. Со воведување на вака некоегзистентна политика се дава негативен знак на сите оние кои сакаат да инвестираат во Република Македонија. Познато е дека странските инвеститори сакаат предвидлива и долгорочна политика на Владата. Додека со ваквото ат хок воведување на нови давачки и менување на постоечките, се дава еден крајно несериозен сигнал за странските инвеститори. Ваквите примери на протерување на странските инвеститори од Република Македонија од страна на Владата има многу. Како најеклатантен пример би сакала да го спомнам примерот со АУДИ, поради немање на стратегија и желба за привлекување на странски директни инвестиции Владата јан пропушти можноста, инвестирање на оваа моќна компорација во Република Македонија.

Во овој контекст, зачудува тоа што странските инвеститори ја одбегнуваат Република Македонија како своја дестинација.

Исто така, мора да се напомене дека во ЕУ никаде не постои ваквиот модел. Република Македонија како земја апликант за влез во ЕУ, дава лош пример со воведувањето на ваквите давачки.

Имено, во ЕУ постои тренд да нема акциза на автомобилите. Исто така, зголемувањето на акцизата е донесено без претходни консултации со ЕУ. Ова ќе предизвика мерки на реципроцитет, што ќе значи воведување на слични вакви давачки, кои се извезуваат во земјите членки на ЕУ и Светската трговска организација. Затоа би сакал да кажам дека решенијата во овој закон се оправдани доколку се направи компаративна анализа со европската регулатива

Конечно, како последица и меѓу другото, најголемата негативност кои што решенијата за овој закон ќе ја донесат во  Република Македонија која се појавува , а тоа е како во регионот, каде што сивата економија според проценките на странските експерти е застапено со 45% каде што има делови од територијата, каде што ефективно не функционира правната држава, каде што имаме голем проблем со порозноста на границите. Не се зема предвид фактот дека секое воведување на нови или повисоки давачки влијае стимулативно на зголемување на сивата економија и на корупцијата. Исто така, ваквото зголемување на давачките, посебно кога се однесува за цигарите ќе влијае врз зголемување на шверцот, посебно доколку се земе предви фактот дека во сите околни земји давачките од овој тип се на значително пониско ниво.

За ваквата констатација согласност има и од ЛДП. Од таму, логично се поставува прашањето кои се мотивите на Владата за предвидување на ваквите

ефекти. Дали со ваквото предвидување на фактите од страна на министерот за финансии, не се оди свесно кон тоа да се зголеми шверцот на цигари. Дали при тоа како оправдување не може да се  користи изговорот за функционирањето на одредени земји, каде што давачките према државата се на доста високо ниво. Таков е примерот со Англија што давачките кон државата достигнуваат и до 60%.

Меѓутоа, паралела со Република Македонија во овој дел, воопшто не држи, затоа што во посочениот пример се работи за стабилна држава каде што правната држава функционира без прекорно. Така да погоре посочените активности кои би можеле да се јават во нашата држава, сведени се на минимум.

Поради сето ова јас не можам да го подржам овој закон и ќе гладсам против.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Најдовски имате три минути реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Мене ме зачудува прво дискусијата на г-динот Трајановски, бидејќи првиот ден кога беше општата расправа по буџетот, еден од еминентни, како што го претставуваат во нивната партија, претставници од пратнеиците, г-динот Кедев, ја нападна мојата дискусија која што беше во ова што сега го потврдува г-динот Коце Трајановски, како координатор на ВМРО-ДПМНЕ. Сега ве стави во една збунувачка ситуација дали првиот ден, кога ги изнесуваа ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, така мислеа, или пак ме радува , ако сега ги смениле говорите и нивните ставови, кои што денеска ги изнесуваа. Ме интересира која е вистината , како ВМРО-ДПМНЕ што ја изнесуваат. Координаторот би било добро да објасни сега дали г-динот Кедев, првиот ден кога ме напаѓаше , ја напаѓаше мојата дискусија е тој што го изнесе ставот на ВМРО-ДПМНЕ, или денеска Коце Трајановски кој што ја подржува мојата дискусија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дина Трајановски, повелете имате збор.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Сметам дека г-динот Најдовски да му реплицира на г-динот Кедев.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Најдовски како и вие што искористивте материјал од некаде, така и тој искористи не пишан материјал.

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи може да продолжам.

Ќе бидам пократок. Само сакам да кажам ставот на ВМРО-ДПМНЕ е не променет. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Арсовски, а потоа на ред е пратеникот Голомеов.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Еве ќе дадам свои видувања во однос на овој закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, кои што да речеме, ако не ништо беа поврзани со претходниот закон и се чудам колку упорно опозицијата ги штити во конкретниот случај, изгледа оние што се многу богати, или најбогати. И ако дискутирате и им објасните дека некој ако има пари да купи автомобил, кој што го чиуни 50-60 или 100 илјади евра, ништо не е штета и да плати соодветна поголема акциза за истиот автомобил. Многу е лошо ако се пренесе пред јавноста и граѓаните дека овие акцизи, односно со овој закон фактички имаме зголемување на акцизите на сите увезени автомобили. И во самото образложение со самиот закон децидно е кажано е дека автомобилите кои што имаат зафатнина до 1000 односно до 1500 кубика, фактички немаме зголемување на акцизите и со промената на царинските стапки од 1 јануари 2005 година, тоа и министерот за финансии го образложи. Граѓаните треба да знаат дека тој број на автомобили е најзастапен во нашата земја , односно нашите граѓани што ги возат истите ќе дојде до намалување на цените на истите. Од една страна, а од друга страна сигурно некои цели кои сакаат да се постигнат и во финансиската и во економската политика во земјата, Владата мора да ги проектира така и образложено е тука мора да се води сметка за платниот биланс, имајќи го предвид дека одливот на огромен број на девизи вие гледате во самото образложение околу 100 милиони долари оваа година што се одлеани, односно има соодветни пореметувања во платниот биланс во нашата земја.

Во таа насока никако не би се согласил овој слој на лѕѓе кои што можат да возат такви автомобили со поголеми цени, ништо не е страшно, ако плаќаат поголема акциза за истите автомобили. Проекциите се дадени и по овој основ некој истакнуваше дека самиот износ на средства кои што ќе се приберат по основ на

зголемената акциза на автомобилите со поголема зафатнина, тоа е ефектот некаде околу 200 милиони денари на годишно ниво.

Целта ми е да кажам, јавноста гледа дека во суштина големиот број на автомобили кои се увезуваат до 1500 кубика, значи ќе имаме намалување фактички на нивната цена, врз основа на намалување на царината.

Второто прашање, кое што се однесува на акцизите на цигарите, исто така, сметам дека Владата односно Министерството за финансии кое што ги предвидува соодветните промени што се во согласност со директивите на ЕУ, истие како такви, треба да ги прифатиме и конечната цел која и истите треба да ја постигнат. Навистина, се работи за овој предлог закон за измени и дополнувања од причините кои се наведени, апсолутно постојат, и како такви ние треба да ги прифатиме и овој закон треба да ја добие нашата подршка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски, имате три минути.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам, г-дине претседателе, почитуван колега, ние сега говориме дека да не ги донесеме граѓаните во заблуда. Но, очигледно со вашата дискусија сакате да ги донесете граѓаните во заблуда, затоа што граѓаните очекуваат со намалувањето на царинската стапка од 8 на 4 и од 9 на 5%, цените на автомобилите ќе поефтинат. Сега ние кажуваме дека ќе биде поефтино од тоа што беше, но за возврат ќе воведеме давачка, акциза 15 иљјади денари, 250 евра ќе треба да ги платиме и покрај тоа што очекуваат граѓаните дека очекувајќи го 1 јануари 2005 година, дека цените ќе се намалат токму току коклу што ќе се намали царинската стапка. Ние воведуваме сега акциза и кажуваме дека повторно ќе биде цената иста. Тие 15 иљјади денари граѓаните треба да ги платат. Во одно сна овие возила за кои што велите ги нема многу во Република Македонија со голема кубикажа, скапи и луксузни, сигурно дека после воведувањето на ваквата акциза ќе ги возат со бугарски регистрации, албански, српски и грчки и незнам уште какви се регистрации и нема да ја платат акцизата во државата. А она што го имаме во моментов во Република Македонија се трудиме, кажавме да влеземе во ЕУ, староста на возилата е 18,5 години. Со тие возила многу тешко дека ќе се движиме по патиштата низ ЕУ. Тешко се движиме веќе и низ Република Македонија, но во секој случај дали нао вој начин, со она што кажуваме дека 1000 кубици, тие возила се ослободени од давачки,

дали не правиме форсирање на јапонски, на корејски возила, кои што исто така во однос на ЕУ, ги има со помала кубикажа. Да постоеше понатаму Црвена застава и производството на фиќо, можеби ќе кажевме и ќе знаевме зошто ја правиме оваа заштита на некој производ. Во случајот тоа не е така. Сега до 1000 кубици во Македонија кои возила ќе се возат, апсолутно, мислам дека е нерегуларно, затоа што таа класа некаде од 1600 зафатнина кубици е она што традиционално е семејна и треба да ја возат и се вози низ цела Европа. Значи тие се работите во однос на она што граѓаните го очекуваа, намалување, а не акциза. Сега со акцизата ние едноставно тие средства кои што очекуваа дека ќе се намали возилото, тие повторно ќе ги плати. Во тоа е заблудата.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Вашата минута г-дине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Не е заблуда сигурно дека автомобилите до 1500 кубика ќе имаат во суштина помала цена, во однос на акцизите и намалување на царините. Затоа што ќе бидат помали и многу ми е побитно дека овие автомобили кои што се над 1500 кубика, истите ќе се возат со бугарски, албански и други регистрации. Можеби и пратеници овде возеа со бугарски и други регистрации. Постојат законски решенија кои можат и како и колку време со туѓа регистрација да се вози возило во нашата земја. Примената на законот, сигурно ќе го оневозможи да можат да возат такви автомобили со такви марки, со такви високи цени. Сигурно можат да платат на државата на име акцизза повисока, а оние кои во суштина и најголем број на граѓани ги возат просечните автомобили и во тој правец истакнав дека истите автомобили нема да поскапат, односно истите ќе поефтинат.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, тоа инаку народот го вика си купил магаре, а немаш за самарот. Во врска со тие богатите. Тоа што го зборувавте вие сте во право, а народот си има изрека за тоа.

Повелете г-дине Голомеев, имате збор, а потоа г-динот Караџоски.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕЕВ:

Благодарам г-дне претседателе, господине министре, почитувани колеги пратеници,

Сосема накратко би сакал да се произнесам по ова законско решение по основ на предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи.

Вакви законски решенија кои се навидум рестриктивни во поглед, да речеме условно, на поширокиот интерес на граѓаните се многу погодни за политички поени или за ширење на политиканство и опозицијата сигурно не пропушта таква шанса да се обиде да поентира во услови кога навистина нема никаква одговорност на економските движења во Република Македонија.

Меѓутоа, факт е едно, пред малку во рамките на оваа седница го донесовме Буџетот на Република Македонија, Владата беше жестоко критикувана за големиот трговски дефицит со кој се соочува Република Македонија. Сега, кога се преземаат одредени мерки тој трговски дефицит колку толку да се амортизира или подобро во позитивна насока, тогаш едноставно се нуди друга аргументација. Фактите се непобитни. Во 2003 година 63,7 милиони долари се потрошени односно одлеани од Република Македонија по основ на купување или увоз на автомобили. За првите 10 месеци од 2004 година тоа е веќе 98 милиони долари. Се поставува прашањето што во ваква ситуација Владата може да преземе на едно од најголемите изворишта на тој трговски дефицит некако да го амортизира или да го стави под контрола. Притоа се обидува во овој случај најширокиот круг на граѓани да остане незасегнат од ваквото законско решение, бидејќи сите возила до 1000 см3 фактички немаат никаква акциза, а имајќи во предвид дека се намалува царината од 10 на 5% за сите возила надвор од ЕУ, и од 8 на 4 за сите возила во ЕУ, значи тие возила сигурно поевтинуваат.

Возилата до 1500 см3 се оптоваруваат со 15-тина илјади некаде помалку од она што се добива во поглед на царинските ослободувања. Сега, повисоките категории кои се значително поскапи, во зависност од перформансите на моторот сигурно дека се оптоваруваат малку повеќе. Највисоките многу значително и се поставува прашањето, оправдано е некој ако може да вози такви луксузни автомобили, сигурно дека имаат средства да платат одредени давачки кон државата.

Што се однесува до другите два сегменти кои се опфатени со овој Предлог на закон, а тоа е тутунот и моторните масла, работата е сосема јасна. Кај моторните масла едноставно, бидејќи се вршеа многу злоупотреби во однос на она што претставува синтетичко минерално масло, различните давачки, различните акцизи

се поистоветуваат и се поставува прашањето дали поради неможноста едноставно да се контролира ваквиот увоз, па се бира помала линија на отпор и се поистоветуваат акцизите.

Што се однесува до тутунските преработки, за мене е сосема логична аргументацијата од страна на Министрството дека во ЕУ имаме некаде 57% од продажната цена на најпродаваните марки цигари и дека ние значително заостануваме и во таа насока, за да не дојде до ценовен шок во моментите кога ќе дојдеме во ситуација да пристапиме кон ЕУ, добро е да се направи план и по 10-тина проценти да се подига нивото на цените на акцизите на тутунските производи.

Меѓутоа, она што ние како пратеничка група имавме скепса кон ова решение е фактот што имајќи го во предвид опкружувањето со кое се соочуваме, имајќи во предвид искуство од претходните години се плашиме дека резултатот ќе биде контрапродуктивен. Можеби во некоја смисла самиот владин предлог за моторните масла покажува дека не сме во состојба до крај да спроведеме одредени законски решенија односно да извршиме одредена контрола на тоа како оди движењето на стоките во и надвор од Македонија и затоа сметаме дека ваквото решение во овој момент може да предизвика многу контрапродуктивни елементи односно во значителна мера да го зголеми шверцот на цигари кој, мора да признаеме, во сите изминати години претставува реалност во Република Македонија.

Токму од тој аспект е скепсата во пратеничката група на ЛДП и нашата бојазност дека ваквото решение може, не да го подобри буџетскиот прилив, туку напротив да го зголеми процентот на авазија на овие даноци кои се исклучително важни во прибирањето на буџетските средства.

Толку у би сакал да се произнесам по ова законско решение, меѓутоа, сепак ќе го поддржиме законскиот проект, бидејќи веруваме дека Владата ќе најде начин и можност од овој законски проект да извлече максимална корист во однос на Буџетот на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Лалчевска имате реплика од три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам, г-дине претседателе,

Колегата ја обвинува опозицијата за политиканство. Јас не знам каде видел политиканство од дискусиите кои беа од опозицијата по овој закон. Политиканството,

колега, е на вашата страна, што викате дека треба да се амортизираат негативните фискални ефекти, ама изразувате бојазност дека нема да го подобри буџетскиот прилив акцизата која се воведува. За што сте, треба да се одлучите, а ќе го поддржите законот.

Исто така, големо е политиканството да се тврди дека наш единствен курс е ЕУ, а од друг страна да не се почитуваат основните правила кои ќе не водат на патот кон ЕУ.

Сега ние со овој закон ги кршиме тие правила.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Караџоски имате збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодрам претседателе,

Би сакал да се произнесам по однос на овој закон.

Кога станува збор за акцизите, оваа категорија на данок често знае да трпи измени, а кога станува збор за патничките автомобили исто така знае да предизвикува внимание. Инаку, овој закон не може поинаку да се свати освен како една новогодишна честитка до граѓаните на Република Македонија кои од 1 јануари 2005 година ќе купуваат поскапи автомобили.

Инаку, Законот за акцизи кој имаше одданочување на патничките автомобили престана да се применува некаде од 1 јануари 2004 година, што придонесе да се подобри автомобилскиот парк во Република Македонија со тоа што им се овозможи на граѓаните на Република Македонија да го имаат тоа задоволство,  да си купат нов автомобил. Сега со овој закон се предлага повторно воведување на акцизи што е нормално да предизвика шок кај граѓаните, а тоа е потврдено последните денови, односно последниве две недели, сите сме сведоци дека кај сите шпедиции и царини има наезда на побарувачка од автомобили заради тоа што граѓаните сакаат да го искористат овој момент до 1 јануари да купат автомобил, ако веќе имале намера да купат и да заштедат од 250 до некаде 7,5 илјади евра, во зависност од кубикажата на автомобилот кој го купуваат. Тоа, во секој случај, не е мала сума.

Што е оправданието поради кое Владата предлага да се воведат акцизи. Едното е трговскиот дефицит за кој колегата Голомеов зборуваше, другото е поради тоа што се намалуваат царинските стапки од 8 и 10% на 4 и 5%. 4% за земјите од ЕУ, а 5% за останатите земји. Аналогно на тоа граѓаните очекуваат дека ќе имаме

уште поевтини возила со тоа што се намалува царинската стапка, сега со зголемувањето на акцизата тоа веќе ништо не значи.

Дали со зголемувањето на акцизите ќе се придонесе во приходната страна на Буџетот слушнавме од колегите од позицијата дека постои бојазност и кај нив и тука се согласуваме.

Во причините за предлагање на Предлогот на законот се наведува дека вредноста на увезените патнички автомобили претставува висока ставка во вкупниот увоз на Република Македонија, што предизвикува значителен девизен одлив од земјата односно влошување на платниот биланс.

Јас би сакал да ги потсетам колегите, а тука е и министерот, дека Република Македонија, да не заборавиме, е потписник на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ и како потписник мора да ги почитува одредбите од Спогодбата, бидејќи реципрочно е врзана со истите. Зошто ова го кажувам?

Според мене, спорно е тврдењето на Владата дека акцизите се воведуваат од причина за намалување на трговскиот дефицит на Република Македонија, тоа е според мене спорно. Ако внимателно ја прочитаме Спогодбата за стабилизација и асоцијација таму е децидно предвидено дека Република Македонија и ЕУ ќе се стремат да избегнат воведување на рестриктивни мерки заради цели на платниот биланс, вклучувајќи ги и мерките поврзани со увозот. Доколку некоја од двете страни потписнички усвои такви мерки, ќе мора да презентира временски рок за нивно отстранување. Во Спогодбата за асоцијација и стабилизација наведено е уште нешто. Цитирам: “ако една или повеќе земји на ЕУ или Македонија имаат сериозни проблеми со платниот биланс или им се заканува такво нешто, можат да усвојат такви мерки во согласност со Спогодбата со СТО. Тие мора да бидат со ограничено времетраење и неможат да одат над она штое стриктно неопходно за поправање на состојбата во платниот биланс”.

Во соглаасност со Спогодбата за стабилизација и асоцијација Република Македонија е обврзана да не воведува нови даночни оптоварувања со ист ефект, бидејќи за да се надоместат штетите од намалувањето на царините, Република Македонија треба да има аргументација пред ЕУ и да докаже дека со тоа се штити стопанството на државата.

Сега, тука се поставува едно логично прашање. Кое стопанство на Република Македонија штитиме во делот на автомобилската индустрија, кога таква немаме.

Значи, доколку во Република Македонија не може да се штити производство кое не постии во државата, а очигледно дека не постои, таквата антиреформска политика се коси со националниот интерес и одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Ова е во рамките на она што, како потписнички, сме обврзани.

Сега во делот на она што и другите колеги го искажаа, кога станува збор за увоз на автомобили, сепак главниот збор ќе го кажат импортерите, ќе го почувствуваат граѓаните, јас би сакал само да потсетам, бидејќи имавме можност тоа да го слушаме и од средствата за јавно информирање, дека со акцизите кои се воведуваат не поскапуваат само новите, како што првично се мислеше, туку поскапуваат и половните возила.

Заради запознавање на јавноста, можеби некој се уште не е запознаен, јас би ги потсетил односно би ги информирал граѓаните што значи овој закон со овие акцизи. Значи, процентуално имаме поскапување како на новите така и на старите возила. Овој пат ќе биде многу поголемо за старите отколку за новите, бидејќи акцизата се наплатува не во зависност од староста односно цената на возилото, туку според силата на моторот. Ова значи дека иста акциза и за новите и за старите автомобили ќе биде иста, значи ќе плаќаат исто, а според предлогот на Владата, нема да се плаќа само акциза на возила до 1000 см3, што значи ова да се ослободи од возила до 1000 см3, дали е тоа некоја југоносталгија или можеби треба граѓаните на Република Македонија да се вратат повторно да возат Југо-45, 55, итн. или можеби да го вратиме фиќото како национално возило, мислам дека тоа не е идеа на Владата, но на некој начин со ваквата мерка се профилира токму тоа, нормално, доколку сеуште постои производство на такви возила.

Од друга страна секое возило кое има над 1000 кубици поточно до 1500, тука се воведува акциза од 250 евра, ако се увезат автомобили со мотор од 1500 до 2000 см3 ќе треба да се плати акциза од 1200 евра. Одиме понатаму, за автомобили од 2000 до 2500 кубици се плаќа акциза од 2600 евра, а за групата од 2500 до 3000 кубици 5400 евра. Оние кои ќе си дозволат луксуз да купат возило над 3000 кубици, тогаш ќе платат акциза од 7600 евра или цена на едно ново возило до 1000 кубици.

Ова е мерката која ја предлага Владата и нормално е овие последни денови граѓаните на Република Македонија кои имаа намера да купат возило не ја сфатија како новогодишна честитка и потрчаа што побрзо, барем до утре, утре е последен ден од оваа година, ако можат да ќарат нешто, да ќарат, затоа што од 1 јануари 2005

година за кое еве сега седиме поради тоа што мора да го усвоиме овој закон, од 1 јануари треба да плаќаат пивисоки цени на возилата.

Тоа е што се однесува до ова, да не ги повторувам сите оние аргументации кои ги изнесоа колегите и г-динот Коце Трајановски, за кои возила станува збор за навалување на царинската ставка, тоа е посебна приказна, што значи тоа добро го аргументираше и не би сакал да го повторувам.

Другата новина односно измена во овој закон е во делот на цигарите. Според многу наговестувања, според многу образложенија, според образложението на јавноста односно на Владата, па и од овде дискусии на некои колеги, испаѓа дека вакваа мерка е оправдана. Меѓутоа, она за кое многу колеги од позицијата и опозицијата се повторија е тоа дали со ваквата мерка ќе се спасиме од шверцот на цигарите. Напротив, јас мислам дека и со оваа мерка за цигарите, но и со претходната, овде директно кај цигарите ќе го зголемиме шверцот кој е толку многу присутен, вака само ќе му дадеме еден импулс повеќе и на тој начин прашање е колку ќе приходуваме во Буџетот затоа што факт е дека овој шверц што постои сега ако се наплатат приходите, немаше да има потреба од зголемување на акцизата кај цигарите, меѓутоа, факт е дека шверцот си работи кој е виновен за тоа, Владата најдобро знае, а какви мерки да му преземе за да спречи исто таа си знае, но зошто тоа не го прави, незнам.

Од друга страна, кај возилаа ќе се отвори проблем, оној што, почитувани колеги, би сакал да ве потсетам зошто некои Влади или сите Влади до сега се мачеа како да го решат тој проблем прво со стариот возен парк како да се обнови, како да се ослободиме од оние југоносталгични возила итн.

Се појави еден проблем во Република Македонија, каде што многу ретко можете да видите возило со регистрација на Република Македонија. Цело време имаше или албански или бугарски, што беше цел да се избегнат високите давачки кои што беа присутни и заради тоа се донесоа закони со намалување или укинување на акцизите и тн. и навистина се направи ефектот. Поточно, ефектот се постигна. Сега со повторното воведување на акцизите вакви какви што се предложни, убеден сум дека таа епизода и таа серија повторно ќе ја гледаме. Но, повторно ние како Република Македонија ќе губиме, затоа што нема да има некој голем ефект од наплатата на овој вид на приходи. Ова би биле моите начелни забелешки. Мислам дека и кај многу пратеници, без разлика што сега не се јавија за дискусија, преовладуваат ваквите забелешки. Јас заради овој став што сега го искажав немам

намера да го поддршам овој закон, затоа што мислам дека нема да се достигне никаков позитивен ефект, напротив, ќе оди во негативна конотација.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Министерот за финансии бара збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За ефектите и за причините зборував првиот ден од расправата. Навистина, нема да повторувам за  да не ги кажувам повеќе пати истите работи јас, па пратениците од опозицијата поинаку, па јас да ги исправам и навистина ценам дека тоа нема смисла.

Господинот Караџоски, сакам да се осврнам на една работа пошто ја потенцираше неколку пати, ги читаше одредбите од ССА и од Светската трговска организација врз основа на кои влечеше заклучоци дека сме обврзани да не применуваме ваков вид на давачки и дека е тоа во спротивност со Спогодбата што сме ја потпишале. Со оглед на тоа што вие господине Караџоски ја прочитавте таа и ги прочитавте зборовите кои гласат, нови давачки на страна на увозот. Ние сме обврзани и во процесот на намалување на царинската заштита на автомобилите која ја оствaруваме трета година последователно, да не воведуваме нови мерки даночни или други на страната на увозот. Акцизата е данок на потрошувачка, како и данокот на ДДВ, таа не е увозна давачка. Увозна давачка се царините и други вонцарински давачки кои се фиксни и процентуално врзани, а ова е акциза. Инаку, ако така го толкуваме како што вие кажувате, ние не смееме ни ДДВ да го смениме, а го сменивме минатата година, затоа што од 19% го спуштивме  на 18. Ние утре можеме да направиме и друг процент на ДДВ што се однесува за сите. Тоа не е на страната на увозот. Од тука, ве уверувам  како претседател на Комисијата за финансии дека ова не е во спротивност, затоа што акцизата не е на страната на увозот.

Во врска со прогнозите за шверцот со цигарите, ако ние сега не реагираме, кога ќе дојде време да пристапиме на ЕУ, ние ќе имаме толку голема дискрапанца во степенот на оптоварување, акцизно оптоварување на цигарите наспроти стандардите на ЕУ, така што ние ќе треба да ги зголемиме 100% во тој момент. Нема друг избор освен да почнеме постапно. Јас кажав, а сега ќе повторам тоа на малопродажната цена на цигарите ќе се одрази 3,1 или 3,3%, што е за најзначајната

група на цигари која се продава во Македонија е еден денар покачување врз основа на оваа акциза и тоа е незначително. Меѓутоа, тоа што треба да се направи, ние во сите последователни години постапно тоа да го правиме и да го достигнеме нивото, затоа што другата страна на оваа проблематика е дека еден ден кога ќе треба да влеземе во ЕУ, ние со толку ниско оптоварување на цигарите, ќе ги загрозиме нивните пазари со шверц. Тогаш, кај нас ќе бидат многу евтини и тие нема да го прифатат тоа, ќе бараат изедначување. Инаку, ние сме сега спротивната опасност за нив. Акцизното оптоварување кај нас да биде толку ниско, што ќе претставува закана за пазарите на ЕУ со обилен шверц од наша страна. Така што, има стандарди што мораме да ги усогласиме. Изборот е одеднаш или постапно. Нашиот избор е постапно. Јас сум уверен дека оваа мерка пошто е до 2007 година, било која влада во 2007 година ќе мора да ја продолжи, а тогаш ќе го знаеме и конкретниот процес на разговори во врска со поглавјата како земја кандидат за ЕУ и тогаш ќе треба да имаме и подолгорочно од три години, уверен сум во тоа, проекција како тоа да го направиме. Со ова сакав да појаснам тоа што го кажа господинот Караџоски, меѓутоа и некои други пратеници неколку пати го повторуваа истото, занемарувајќи дека акцизата не е заштита од увоз односно таа е данок на потрошувачка.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам министре.

Повелете господине Караџоски имате три минути реплика.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван господине министре, неколку пати ме потенциравте како претседател на Комисијата за финансирање и буџет, не знам сега во кој контекст тоа го потенцирате, меѓутоа, јас би сакал да кажам една работа. Она што јас го искажав овде како забелешка тоа е мое мислење, тоа така јас сум го протолкувал, што не мора да значи дека е исправно. Сепак, имаме право тука да полемизираме. Меѓутоа, можеби овие дилеми кои што сега се јавуваат во текот на дискусијата, ќе беа отстранети доколку бевте присутни на самата комисија. Јас морам да ви напоменам една работа дека заради интерес и на времето и заради тоа што знам што значи да не се усвои Буџет пред нова година прифатив Комисијата да работи со дури немавме ни заменик министер. Значи, со повереници и некои работи ни останаа неискажани, недообјаснети и тн.Вие денес, почитуван министре, не дадовте ни уводно излагање по однос на овој закон, така што овие дилеми кои што сега можеме

да ги кажуваме дали така се толкуваат или вака, таму ќе беа отклонети во секој случај, доколку бевте присутни. Ние и лично јас како претседател во секој случај би го уважил вашето мислење, сепак, вие сте министер на крајот на краиштата вие си ја носите одговорноста по однос на ова што ни го предлагате. Значи, за да немаме некои непродуктивни дискусии овде да се реплицираме или да се дообјаснуваме, навистина, еве јас ви упатувам еден апел во иднина гледајте почесто да присуствувате на Комисијата за финансирање и буџет, за да можеме овие разлики и недоразбирања таму да ги отклонуваме.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Повелете господине Димитров, три минути реплика на господинот Караџоски.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Благодарам господине потпретседателе.

Морав да реплицирам на господинот Караџоски, затоа што и во дискусијата по Буџетот, а и сега неколку шпекулации околу акцизите со автомобилите. Господинот Караџоски единствено точно што кажа околу акцизите на автомобилите е дека товарот на оваа акциза единствено ќе се почувствува повеќе кај набавката при увозот на старите автомобили кои бидејќи имаат многу помала набавна вредност, во просек 50% од пазарната вредност на автомобилите, додека акцизата е иста и е во номинален износ. Но, она господине Караџоски, што го кажавте дека дали ова е југоносталгија и дали сите ќе возиме фиќо или југо, ви кажувам дека е најобична и неаргументирана шпекулација. Ако направите и најмала математика, пресметка за тоа што значи намалување на царината, а што значи оваа акциза која се наведува, ќе видите дека тоа нема врска. Автомобилите до 1000см3, каде пазарната цена е од прилика 8000 денари, би требало да е поефтинето од 8000 евра ќе поефтинело околу 300 евра. Автомобили од 1000 до 1500 кубика, значи зголемувањето на акцизата е 240 евра, но имаме околу 400 евра од просечното намалување на царина. Значи, кај овие автомобили ќе имаме намалување за 160 евра во просек. Господине Караџоски, автомобил од 1500 евра можете да набавите со 99 и 100 коња, автомобил кој има погон на сите четири тркала и тоа не е фиќо, а ќе има намалување на цената. Понатаму, автомобили од 1200 до 2000 кубика и ова мора да се сложите дека не е фиќо, бидејќи овде можете да набавите и автомобили од средната класа кои се над 150 коња, зголемувањето на акцизата е 1200 евра, а

намалување на царината е пола од тоа, 600 евра. Значи, зголемување може да очекуваме во просек околу 600 евра под услов да останат истите маржи на импортерите. Верувајте, на 20 илјади евра што е просечна цена на овие автомобили, тие 600 евра скоро ништо не значат. Да не зборувам за автомобилите над 2500 или 3000 кубика, кои во суштина мора и вие да сфатите дека се луксуз. Ова воопшто не значи дека југоносталгија и ќе возиме фиќо. Личното мое мислење е дека за оваа измена на Законот за акцизи, вревата што се дигна е многу поголема отколку ефектите. Верувајте дека ефектите кај зголемувањето на цените скоро нема ни да се почувствуваат во 2005 година.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Димитров.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата и службите да го утврдат точниот број.

Ги повикувам пратениците кои се во просториите на Собранието да дојдат, за да пристапиме на гласање.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Заклучокот на Собранието го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Гласале 60 пратеници, 57 пратеници гласале за, 2 воздржани, 1 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 55 пратеници гласале за, 1 воздржан, 1 против, во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 57 пратеници гласале за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за заштита на конкуренцијата.**

Дали имаме претставник? (Нема претставник).

Бидејќи немаме претставник, тој закон ќе го одложиме.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права.**

Дали имаме претставник? (Нема претставник).

Сега, моите колеги пратеници кои што толку се трудеа да ги стават напред, ќе морате малку да поразговарате со министрите.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на програма за формирање на стоковните резерви за периодот од 2005 до 2007 година.**

Предлогот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 62 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за формирање на стоковните резерви за период од 2005 до 2007 година.

**Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Коце Трајановски, процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал процедурално да реагирам. Бидејќи се трудите да соработувате со сите пратенички групи и во таа смисла ние пред да почне оваа седница направивме координација во Охридската сала и се договоривме заклучно со точка 12 и точка 13 да завршиме денес. Меѓутоа, вие продолжувате и не го почитувате дој договор. Само да напоменам дека ние во остварувањето на тој договор ги скративме сите наши дискусии кои што беа и по Буџетот и по амандманите и мислам дека не треба да го злоупотребувате тоа и треба да го почитувате тоа што е генерално договорено. Дали ние сме тука присутни од опозицијата за правење на кворум или не сме, тоа е друго прашање.

Јас се извинувам, дозволете да се доискажам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Ако сакаме да градиме доверба, таа доверба треба да ја градиме преку практични примери. Ние го исполнивме нашиот дел од договорот за оваа седница пред новогодишните празници. Вие, како што сте тргнале, изгледа и утре да правиме некоја седница, добро, мислам дека не е во ред да правите ова. Затоа може да ви се случува како претходната година, па ќе се создаваат тензии меѓу пратеничките групи и затоа, ве молам, да го почитувате договорот што го постигнавме на координацијата на пратеничките групи. Вие бевте тука, го претставувавте Социјал демократскиот сојуз и во име на претседател на Собранието. Мислам дека не треба мнозинството сега да го злоупотреби тој договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Трајановски, јас тој договор ќе го испочитувам со оваа точка 14. Само ќе ви кажам една работа, ако од една страна се бара да се испочитува договорот, се бара и од друга страна. Вие го сметате за политички исправно тоа што вие не го правите кворумот, но сметам дека коректно е да, ако веќе сме тука договорот да се исполни, тогаш треба тука и од ваша страна да бидат присутни за кворумот, седат надвор во ходникот, а не да чекаме по 10 - 15 минути. Да беше така јас ќе завршев на точката 13.

Сега е точката 14, ќе ја поминеме и тука ја завршуваме работата.

Повелете господине Караџоски, имате збор процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе,

Знаете во кое својство се јавувам, бидејќи ме повикувавте на сите договори и разговори. Учествував во сите договори.

Навистина, не е фер ова што се прави. Јас ќе кажам следно. Ние бевме договорени, вие тоа добро го знаете, вчерашниот ден да ја завршиме амандманската расправа и вие таа работа ја завршивте, благодарение на тоа што бевме ние конструктивни. Зборувам за нашата пратеничка група. Сите сте вие сведоци, а најмногу вие претседателе дека повлековме наши дискутанти кои беа најавени, дека ако тоа не го направевме можеше и денеска да трае амандманската расправа или расправата по текстот.

(Џагор во салата, а претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Ве молам за внимание.

Денеска се договоривме, разговаравме да ги донесеме законите што се поврзани со буџетот, односно најдоцна до точката 13. Сега отворате расправа по еден многу чувствителен закон...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро господине Караџоски.

Ве молам, координаторите на работните групи во Охридската сала на 10 минути договор.

(Договор од 15,46 до 15,53 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Да образложам со една реченица што произлезе од договорот.

Почитувани пратеници ве молам да седнете.

Се договоривме, сите координатори на пратеничките групи да ми дозволите во мое, во ваше име на сите граѓани да им ги честитам претстојните новогодишни празници, а на граѓаните во Република Македонија од православна вероисповест да им ги честитам претстојните Божиќни празници.

Би додал уште едно, јас од моја страна ви се заблагодарувам за соработката и конструктивноста. Докажавме дека овој Парламент иако е составен од различни политички опции знае да работи и да донесува закони. Тоа го покажавме и со Извештајот што беше направен од страна на Парламентот.

Јас ви посакувам во Новата година само една работа, здравје и среќа.

Во тоа име една мала честитка од мене.

(Салата се исполни со звуците на Штраусовиот РАДЕТЗКЅ МАРЦХ, со што претседателот и на свечен начин им посака среќа и успех во Новата Година, а пратениците возвратија со аплауз)

Се гледаме после Новата на 11 јануари.

(Седницата заврши со работа во 15,56 минути)